МАКЕДОНСКА БЕРЗА
АД СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА
# ЗА 2020 ГОДИНА

Скопје, Март 2021 година

## СОДРЖИНА


1. ВОВЕД……………………………………………………………………………………………………......…. 2
2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ……………………………………………………………………….……..... 2
3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ…………………………………………………….…......…. 3
4. КОТАЦИЈА………………………………………………………………………………………………… 13
5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ…………………………………………………………………………….…..….. 19
6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО……………………………………………………………………....…. 19
7. ЧЛЕНСТВО………………………………………………………………………………………….... 20
8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА……………….....…..... 21
9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ……………………………………………….….…....... 23
10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ…………………………………………………………….……....... 29
11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ…………………………………………………….………...... 31
12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА……………………………………………………………...…. 35
13. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ………………………………………………………………………………….….. 35
14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2019 ГОДИНА…………………………..………......... 36

## 1. ВОВЕД

Извештајот за работа на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје во 2020 година ги содржи главните фактори коишто влијаеа на работењето на Берзата во 2020 година (деловно окружување), основните карактеристики на берзанското работење, осврт на остварените резултати од тргувањето со хартии од вредност, активностите поврзани со котацијата, членството и надзорот на тргувањето, правните и нормативни активности, активностите во делот на информатичка и техничка поддршка на Берзата, преземените активности за едукација на пошироката јавност, промоција на Берзата и меѓународната соработка, податоци за надоместоците и примањата на членовите на Одборот на директори, како и извештај за финансиското работење по годишната сметка за 2020 година.

## 2. ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ

Во текот на 2020 година работењето на Македонска берза се одвиваше под влијание на следните главни фактори од меѓународен и домашен карактер што го креираа деловното окружување во кое функционираше Македонската берза и имаа влијание врз тргувањето со хартии од вредност, а со тоа и врз нејзиното деловно работење:

- Светската економија во 2020 година забави во однос на претходната година и забележа негативен раст од 3,5%, што претставува прв пад на глобалниот бруто домашен производ по финансиската криза во 2008 година. Пандемијата предизвикана од корона вирусот во првата половина од годината во речиси сите развиени земји и земји во развој целосно го запре работењето на многу стопански гранки. Олабавувањето на мерките и појавата на вакцина против вирусот COVID-19 успеа во последниот квартал од 2020 година да го забави падот на светската економија. Светската пандемија предизвикана од вирусот COVID-19 ги истисна во втор план неизвесностите поврзани со излезот на Велика Британија од Европската Унија и последиците од неформалната трговска војна помеѓу Кина и САД[1];

- Во 2020 година македонската економија забележа пад на БДП од 4,4%, што претставува најголем пад на економијата во последните 20 години.[2];

- Пандемијата од вирусот COVID-19 го промени начинот на живот и предизвика сериозни проблеми во работењето на многу компании и бизниси. Првичниот шок во месец март предизвика берзите во светот да забележат големи минуси, што дополнително се засили поради стравувањата предизвикани од lockdown стратегијата која ја преземаа најголем дел од земјите со намера да се запре ширењето на вирусот COVID-19. Сепак во периодот што следеше сведоци бевме на масовната државна и монетарна интервенција, но и на фактот дека човештвото сепак некако ќе функционира и кохабитира со вирусот, што предизвика долгиот биков пазар којшто траеше со години претходно дополнително да се интензивира. Оттука, 2020 година заврши со пазарни цени на акциите на доста високи нивоа, особено на поголемите светски берзи, со главен акцент на американските пазари. Dow Jones на годишно ниво се зголеми за 7,5%, S&P500 за 16,6%, а NASDAQ Composite за 44%. Европските акции имаа поскромен перформанс – германскиот DAX ја заврши годината со пораст од 3,6%, а англискиот FT100 со пад од 12,87%. Акциите на високотехнолошките фирми, фармацевтските, биотехнолошките и енергетските компании поврзани со новите начини на производство и обновливите извори рушеа рекорди. Паралелно, на глобално ниво 2020 година беше најдобрата година за IPO-а гледано во подолг временски период наназад.

- Во текот на 2020 година Народната Банка во екот на пандемијата се одлучи за олабавување на монетарна политика со која направи дополнително намалување на каматна стапка на благајничките записи, која на крајот од годината достигна ниво од 1,5%, што споредено со нивото од декември 2019 година кога изнесуваше 2,25% претставува намалување од 0,75 базни поени. На крајот од 2020 година, годишната пондерирана каматна стапка на дадените кредити изнесуваше 4,63%,

---

[1] World Economic Outlook - Update, IMF, Јануари 2021

[2] “Макроекономски индикатори, Министерство за финансии на Р.С. Македонија, јануари 2021 година”

додека годишна пондерирана каматна стапка на новоодобрени дадени кредити изнесуваше 3,78%. Каматна стапка на вкупните депозити на крајот од 2020 година изнесуваше 0,95%, додека на новопримените заштеди изнесуваше 0,68%[3]. Во 2020 година продолжи намалувањето на приносот на најсигурните финаниски инструменти (едногодишни државни записи) кој од каматна стапка со износ од 0,6% во декември 2019 година се намали на 0,40% на последната аукција во декември 2020 година. Продолжениот тренд на намалување на каматните стапки во 2020 година имаше свое позитивно влијание на берзанските движења и прелевање на вложувањата во овој сегмент;

- Вредноста на портфолиото на отворените домашни инвестициски фондови на крајот на 2020 година се зголеми за 4% во однос на 2019 година и достигна износ од 145,4 милиони евра. И покрај тоа што најголем дел од средствата доверени на управување на фондовите беа насочени кон вложување во депозити и должнички хартии од вредност издадени од државата, сепак овој раст имаше свое позитивно влијание и на берзанските движења. Особено добри перформанси имаше единствениот домашен фонд што како инвестициска политика се базира на реплицирање на МБИ10 индексот, кој забележа раст во 2020 година од 1,9% Трендовите кај пензиските фондови се стабилни и на крајот од 2020 година тие го зголемија износот на нето средствата за 15,42% во однос на 2019 година и достигнаа вредност од 1,42 милијарди евра;

- Како резултат на задолжителната котација на хартиите од вредност и во текот на 2020 на Берзата продолжи задоволителниот обем и квалитет на известувањата од страна на котираните друштва, а со тоа и на транспарентноста на македонскиот пазар на хартии од вредност во целина. Оттука, во 2020 година беа објавени вкупно 2054 објави преку СЕИ-Нет;

- Во рамките на вкупниот број од 100 котирани друштва, 24 друштва исплатија дивиденди во 2020 година во вкупен износ од 95,6 милиони евра;

- Инфлацијата во 2020 година забележа вредност од 1,1%;

- Се задржа политиката на стабилен девизен курс;

- Институционалната пазарна инфраструктура беше функционална и ефикасна без никакви забележани позначајни предизвици.

## 3. ТРГУВАЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### 3.1. Основни карактеристики

Основни карактеристики на тргувањето во 2020 година беа:

- Вкупниот промет (по сите основи) во 2020 година изнесуваше **8.195.475.839** денари (околу **132,88** милиони евра) и бележи зголемување од **6,43 %** во споредба со 2019 година;

- Остварениот промет на класичното тргување во 2020 година изнесуваше **5.987.273.498** денари[4] (околу **97,08** милиони евра), што е за **42,17%** повеќе во споредба со 2019 година;

    - Прометот остварен со акции во 2020 година изнесуваше **5.681.114.611** денари (околу **92,12** милиони евра), што е за **48,75%** поголем во споредба со 2019 година;

    - Во 2020 година е остварен промет со обврзници од **284.241.135** денари (околу **4,60** милиони евра) и бележи намалување за **20,79%** во споредба со 2019 година;

[3] Соопштение за печат на НБРСМ од 21.01.2021 – “Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците: декември 2020 година”

[4] При пресметување на класичното тргување на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните берзански аукции и блок трансакциите.

  - Во 2020 година е остварен промет со други хартии од вредност од **21.917.753** денари (околу **355** илјади евра) и бележи намалување за **34,29%** во споредба со 2019 година;

- Во 2020 година на Берзата се реализирани **109** блок трансакции (администраторски и системски блок трансакции) во вкупна вредност од **2.041.918.796** денари (околу **33,10** милиони евра) што е намалување од **17,22%** во споредба со 2019 година;

- Во 2020 година не се реализирани продажби на акции и удели по пат на јавни берзански аукции;

- Во 2020 година на Берзата се реализирани јавни понуди на хартии од вредност во вкупна вредност од **166.283.545** денари (околу **2,69** милиони евра), што е за **83,24%** помалку во споредба со 2019 година;

- Во структурата на прометот доминираат реализираните трансакции на Официјалниот пазар со **72,62%** учество во вкупниот промет на Берзата во 2020 година. Тргувањето со хартиите од вредност преку блок трансакции има учество од **24,92%,** додека тргувањето со некотираните хартии од вредност во 2020 година беше незначително (околу **0,43%**);

- На крајот на 2020 година на котација на Официјалниот пазар беа котирани акции на **100** друштва, од кои 27 друштва на подсегментите Супер котација и Берзанска котација и 73 друштва на подсегментот Задолжителна котација;

- Пазарната капитализација на котираните акции на 30.12.2020 година достигна **179** милијарди денари (околу **2,91** милијарди евра, што изнесува 26,89% од БДП) и бележи намалување од **1,25%** во споредба со 2019 година, додека пазарната капитализација на обврзниците изнесува **13,36** милијарди денари (**217,3** милиони евра) и бележи пораст од **252,82%** во споредба со 2019 година;

- Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ10 на 30.12.2020 година изнесуваше **4.704,85** што е **1,20%** повисок во однос на вредноста на индексот постигната на последниот ден на тргување во 2019 година кога изнесуваше **4.648,89.**

Сумарно, 2020 година може да се оцени како успешна година со остварени над 132 милиони евра вкупен промет, пораст на МБИ10 индексот за 1,20%, како и пораст од 42,17% кај прометот со класичното тргување. Во тие рамки прометот со акции во БЕСТ системот изнесува 92 милиони евра што преставува најдобар ваков промет во последнава деценија.

Со цел согледување и споредување на резултатите од тргувањето на Берзата за 2020 и 2019 година, во продолжение се презентира и табеларен приказ на сумарните берзански податоци за овие две последователни години.

| Денари | Јануари –Декември 2019 | Јануари –Декември 2020 | % |
|---|---|---|---|
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | **4.211.358.704** | **5.987.273.498** | **42,17** |
| АКЦИИ | 3.819.148.938 | 5.681.114.611 | 48,75 |
| ОБВРЗНИЦИ | 358.856.286 | 284.241.135 | -20,79 |
| ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 33.353.480 | 21.917.753 | -34,29 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН ПРОМЕТ (денари) | 17.119.344 | 24.338.510 | 42,17 |
| ПРОСЕЧЕН ДНЕВЕН БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ | 76 | 92 | 21,05 |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | **2.466.611.817** | **2.041.918.796** | **-17,22** |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | **30.561.751** | **0** | **-** |
| ЈАВНИ ПОНУДИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | **992.093.410** | **166.283.545** | **-83,24** |
| **ВКУПНО ПРОМЕТ** | **7.700.625.682** | **8.195.475.839** | **6,43** |
| КЛАСИЧНО ТРГУВАЊЕ | **18.683** | **22.572** | **20,86** |
| БЛОК ТРАНСАКЦИИ | **176** | **109** | **-38,07** |
| ЈАВНИ БЕРЗАНСКИ АУКЦИИ | **7** | **0** | **-** |
| ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | **12** | **5** | **-58,33** |
| **ВКУПНО БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ** | **18.878** | **22.689** | **20,19** |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИИ | **185.421.433.527** | **183.150.945.751** | **-1,22** |
| БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА-АКЦИИ | 181.279.391.212 | 179.008.903.436 | -1,25 |
| ПАЗАР НА АДПОИ | 4.142.042.315 | 4.142.042.315 | **0,00** |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБВРЗНИЦИ | **3.724.334.677** | **13.363.516.830** | **258,82** |
| ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | **313.009.550** | **313.104.155** | **0,03** |
| **ВКУПНО ПАЗАРНА КАПИТАЛИЗАЦИЈА** | **189.458.777.754** | **196.827.566.736** | **3,89** |
| **МБИ10** | **4.648,89** | **4.704,85** | **1,20** |
| **ОМБ** | **132,91** | **133,01** | **0,08** |
| **БРОЈ НА КОТИРАНИ ДРУШТВА** | **100** | **100** | **0,00** |
| **БРОЈ НА ДЕНОВИ НА ТРГУВАЊЕ** | **246** | **246** | **0,00** |

Воедно, презентираме и споредбен приказ на вкупниот берзански промет во последната деценија.

**Споредбен приказ на остварениот вкупен промет на Берзата во изминатите десет години (во денари)**



## 3.2. Класично тргување (БЕСТ систем)

Во текот на 2020 година на Берзата е остварен промет од "класичното" тргување во износ од **5.987.273.498** денари (околу **97,08** милиони евра).

За подобро согледување на остварените резултати од "класичното" тргување на Берзата во 2020 година, во продолжение презентираме табеларен приказ на тргувањето по месеци, односно квартали во 2020 година.

| Месец | Официјален пазар | | | Редовен пазар | | Промет во денари | Промет во ЕВРА | Бр. на транс акции | Бр. на ден. на трг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акции | Обврзници | Други ХВ | Акции | Обврзници | | | | |
| Јануари | 486.717.355 | 8.759.763 | 0 | 3.146.805 | 0 | 498.623.923 | 8.101.335 | 1.804 | 20 |
| Февруари | 627.546.557 | 1.097.925 | 0 | 3.639.381 | 0 | 632.283.863 | 10.264.548 | 2.423 | 20 |
| Март | 1.431.716.095 | 37.698.935 | 0 | 15.019.905 | 0 | 1.484.434.935 | 24.060.749 | 4.805 | 22 |
| **Вкуп. IQ** | **2.545.980.007** | **47.556.623** | **0** | **21.806.091** | **0** | **2.615.342.721** | **42.426.632** | **9.032** | **62** |
| Април | 647.147.650 | 1.738.299 | 0 | 3.105.440 | 0 | 651.991.389 | 10.567.966 | 2.687 | 20 |
| Мај | 304.068.127 | 123.311.447 | 0 | 929.000 | 0 | 428.308.574 | 6.942.837 | 1.431 | 19 |
| Јуни | 292.707.942 | 61.626.272 | 21.917.753 | 309.515 | 0 | 376.561.482 | 6.103.516 | 1.535 | 21 |
| **Вкуп. II Q** | **1.243.923.719** | **186.676.018** | **21.917.753** | **4.343.955** | **0** | **1.456.861.445** | **23.614.319** | **5.653** | **60** |
| Јули | 344.199.659 | 3.426.422 | 0 | 670.713 | 0 | 348.296.794 | 5.645.430 | 1.312 | 22 |
| Август | 189.643.749 | 11.544.200 | 0 | 2.601.359 | 0 | 203.789.308 | 3.303.157 | 861 | 19 |
| Септември | 382.083.239 | 2.158.471 | 0 | 1.225.758 | 0 | 385.467.468 | 6.247.958 | 1.736 | 21 |
| **Вкуп. IIIQ** | **915.926.647** | **17.129.093** | **0** | **4.497.830** | **0** | **937.553.570** | **15.196.545** | **3.909** | **62** |
| Октомври | 332.952.698 | 1.002.913 | 0 | 888.156 | 0 | 334.843.767 | 5.427.402 | 1.366 | 20 |
| Ноември | 239.747.473 | 1.097.389 | 0 | 1.207.915 | 0 | 242.052.777 | 3.923.380 | 1.192 | 21 |
| Декември | 367.180.288 | 30.779.099 | 0 | 2.659.832 | 0 | 400.619.219 | 6.493.571 | 1.423 | 21 |
| **Вкуп. IVQ** | **939.880.459** | **32.879.401** | **0** | **4.755.903** | **0** | **977.515.763** | **15.844.353** | **3.981** | **62** |
| **ВКУПНО** | **5.645.710.832** | **284.241.135** | **21.917.753** | **35.403.779** | **0** | **5.987.273.499** | **97.081.849** | **22.575** | **246** |

**Движење на прометот по месеци во 2020 година**




Движењето на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во последната деценија е даден подолу:

**Споредбен приказ на остварениот промет преку класичното тргување на Берзата во изминатите десет години (во денари)**




## 3.3. Структура на промет од класичното тргување по пазарни сегменти

Прометот на **Официјалниот пазар** на Берзата во 2020 година (5,95 милијарди денари) е остварен преку 22.399 трансакции и учествува во вкупниот промет од класичното тргување со 99,41%. Од тоа, 5,65 милијарди денари отпаѓаат на тргувањето со акции (94,85%) при што се склучени 22.138 трансакции, прометот со обврзници изнесува 284 милиони денари (4,78%) и истиот е остварен преку 258 трансакции, додека прометот со други хартии од вредност изнесува 21,92 милиони денари (0,37%) и истиот е остварен преку 3 трансакции.

Остварениот промет на **Редовниот пазар** на Берзата (35,40 милиони денари) учествува во вкупниот промет од класичното тргување во 2020 година со 0,59% и 176 трансакции. Целокупниот промет остварен на Редовниот пазар на Берзата отпаѓа на тргување со акции на Слободниот пазар.




Структура на прометот




Структура на остварени трансакции

## 3.4. Блок трансакции

### Администраторски блок трансакции

Во 2020 година на Берзата беа пријавени вкупно **15** администраторски блок трансакции во вкупна вредност од **1.283.749.184** денари (околу 20,81 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | Супер котација | **16.633.050** | **269.601** | **1** |
| | Берзанска котација | **135.269.103** | **2.192.538** | **5** |
| | Задолжителна котација | **16.988.192** | **275.357** | **2** |
| **Редовен пазар** | Слободен пазар | **1.114.858.839** | **18.070.491** | **7** |
| **Вкупно** | | 1.283.749.184 | 20.807.987 | 15 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 8 блок трансакции во вкупна вредност од 168,89 милиони денари (2,74 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа реализирани вкупно 7 блок трансакции во вкупна вредност од 1,12 милијарди денари (18,07 милиони евра).

### Системски блок трансакции

Во 2020 година на Берзата беа склучени вкупно **94** системски блок трансакции во вкупна вредност од **758.169.612** денари (околу 12,30 милиони евра).

| | | Промет (денари) | Промет (Евра) | Број на трансакции |
|---|---|---|---|---|
| **Официјален пазар** | Супер котација | **229.558.740** | **3.723.902** | **24** |
| | Берзанска котација | **287.579.334** | **4.663.647** | **43** |
| | Задолжителна котација | **220.072.200** | **3.568.068** | **22** |
| **Редовен пазар** | Слободен пазар | **20.959.338** | **339.724** | **5** |
| **Вкупно** | | 758.169.612 | 12.295.341 | 94 |

На Официјалниот пазар на Берзата беа пријавени 89 блок трансакции во вкупна вредност од 737,21 милиони денари (11,96 милиони евра), додека на Редовниот пазар беа склучени вкупно 5 блок трансакции во вкупна вредност од 20,96 милиони денари (339 илјади евра).

## 3.5. Учество на странски и домашни инвеститори во вкупниот промет[5]

Врз основа на податоците добиени од Централниот депозитар за хартии од вредност кои се однесуваат за учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата, а кои редовно се објавуваа во месечните статистички билтени на Берзата, може да се констатира дека од вкупниот промет **6.957.534.969** денари (околу **113** милиони евра) остварен на Берзата во 2020 година, **89.984.289** денари (околу **1,46** милиони евра) се однесуваат на прометот остварен од купување на хартии од вредност од страна на странските инвеститори (**1,29%** од вкупниот промет), додека **567.944.744** денари (околу **9,23** милиони евра) се остварени преку продавање на хартии од вредност на странските инвеститори на домашниот пазар (**8,16%** од вкупниот промет).

[5] При пресметување на учеството на странските и домашните инвеститори во вкупниот промет на Берзата не се вклучени прометите остварени на јавните понуди на хартии од вредност и блок трансакцијата со акциите на Евролинк Осигурување АД Скопје.

**Учество на домашните и странските инвеститори во вкупниот промет на Берзата во 2020 година**




## 3.6. Индекси на Македонска берза

Македонска берза АД Скопје ги пресметува и објавува следните индекси: Македонски Берзански Индекс – МБИ10 и Индекс на обврзници – ОМБ.

**Македонски Берзански Индекс – МБИ10**




- вредност на МБИ10 на **30.12.2020** изнесува **4.704,85** индексни поени, што значи зголемување од **1,20%** во споредба со вредноста на индексот постигната на **30.12.2019** година (**4.648,89** индексни поени).
- највисока вредност на МБИ10 во 2020 година е постигната на **11.02.2020** година (**5.002,11** индексни поени).
- најниска вредност на индексот во 2020 година е постигната на **27.03.2020** година (**3.256,92** индексни поени).

| *Датум на извршена ревизија* | *Вид на ревизија* | *Состав на индексот* | *Забелешка* |
|---|---|---|---|
| 15.06.2020 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.06.2020 година. |
| 15.12.2020 | Редовна ревизија на индексот МБИ10 | Комерцијална банка АД Скопје, Гранит АД Скопје, Алкалоид АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Македонијатурист АД Скопје, Стопанска банка АД Битола, Македонски Телеком АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје, Стопанска банка АД Скопје и ТТК Банка АД Скопје | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.12.2020 година |

**Процентуална промена на цените на елементите на МБИ10 во 2020 година**




**Вредност и процентуална промена на МБИ10 од неговото воведување**




**Индекс на обврзници – ОМБ**




- вредност на ОМБ на **30.12.2020** изнесува **133,01** индексни поени, што значи зголемување од **0,08%** во споредба со вредноста на индексот постигната на **30.12.2019** година (**132,91** индексни поени).
- највисока вредност на ОМБ во 2020 е постигната на **26.10.2020** година (**133,16** индексни поени).
- најниска вредност на индексот ОМБ во 2020 е постигната на **23.06.2020** година (**132,70** индексни поени).

| *Датум на извршена ревизија* | *Вид на ревизија* | *Состав на индексот* | *Забелешка* |
|---|---|---|---|
| 15.06.2020 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17 и RMDEN18 | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.06.2020 година. |
| 15.12.2020 | Редовна ревизија на индексот ОМБ | RMDEN11, RMDEN12, RMDEN13, RMDEN14, RMDEN15, RMDEN16, RMDEN17 и RMDEN18 | Датум на имплементација на извршената ревизија беше 30.12.2020 година. |

## 3.7. Структура на прометот по членки

Остварениот берзански промет во 2020 година е реализиран преку активностите на 11 членки на Берзата[6].

Во продолжение ја презентираме табелата за учеството на членките на Берзата во остварениот промет во 2020 година. Податоците се базираат врз двојно пресметување (и при купување и при продавање) со цел да се инкорпорира и активноста на членките во вкрстените трансакции, со исклучок на податоците за тргувањето со хартиите од вредност кои се нуделе на јавните берзански аукции, каде е прикажана само куповната страна.

**Учество на членките на Берзата во реализираниот промет**

| Членка | Шифра на членка | Класично тргување | % | Блокови | % | Јавна понуда на ХВ | % | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | 2.301.975.085 | 19,22 | 2.461.820.409 | 60,28 | 0 | 0,00 | 4.763.795.495 | 29,06 |
| ИЛИРИКА ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје | IL | 3.568.569.608 | 29,80 | 454.786.388 | 11,14 | 0 | 0,00 | 4.023.355.996 | 24,55 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | 2.134.254.939 | 17,82 | 660.511.340 | 16,17 | 0 | 0,00 | 2.794.766.279 | 17,05 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | 1.026.559.603 | 8,57 | 144.780.460 | 3,55 | 147.612.300 | 44,39 | 1.318.952.363 | 8,05 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | 901.649.714 | 7,53 | 35.320.760 | 0,86 | 0 | 0,00 | 936.970.474 | 5,72 |
| ТТК Банка Скопје | TK | 521.169.462 | 4,35 | 178.368.180 | 4,37 | 184.954.790 | 55,61 | 884.492.432 | 5,40 |
| ИНОВО БРОКЕР АД Скопје | IN | 461.110.048 | 3,85 | 75.955.026 | 1,86 | 0 | 0,00 | 537.065.074 | 3,28 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | 392.234.325 | 3,28 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 392.234.325 | 2,39 |
| Фершпед Брокер АД Скопје | FR | 238.620.425 | 1,99 | 42.520.356 | 1,04 | 0 | 0,00 | 281.140.781 | 1,72 |
| Шпаркасе банка АД Скопје | SP | 226.548.140 | 1,89 | 14.612.672 | 0,36 | 0 | 0,00 | 241.160.812 | 1,47 |
| Еуростандард Банка АД Скопје | ES | 201.855.648 | 1,69 | 15.162.000 | 0,37 | 0 | 0,00 | 217.017.648 | 1,32 |
| **Вкупно** | | **11.974.546.997** | **100** | **4.083.837.592** | **100** | **332.567.090** | **100** | **16.390.951.678** | **100** |

[6] Членката Еуростандард банка АД Скопје, беше трајно исклучена од членство во Берзата на 13.08.2020 година.




Најголемо учество во вкупниот промет по сите основи изразен во денари во тргувањето на Берзата оствари членката Комерцијална банка АД Скопје со учество од 29,06%. На второ и трето место се Илирика Инвестментс АД Скопје и Еурохаус АД Скопје со учество од 24,55% и 17,05%, соодветно во 2020 година.

# 4. КОТАЦИЈА

## 4.1. Пазарна капитализација

На почетокот од 2020 година на Официјалниот пазар на Македонската берза беа котирани 100 акционерски друштва со пазарна капитализација од 181,28 милијарди денари, како и 161 обврзница со пазарна капитализација од 3,72 милијарди денари.

На крајот од 2020 бројот на котираните друштва остана ист, со пазарна капитализација од 179,01 милијарди денари, што претставува намалување од 1,25%. На крајот од 2020 година бројот на котирани обврзници се зголеми на 169 (166 државни обврзници и 3 корпоративни обврзници) со пазарна капитализација од 13,72 милијарди денари, што претставува зголемување од 258,82%. Треба да се напомене дека во пресметката на пазарната капитализација на обврзниците се земаат хартиите од вредност со кои имало тргување (од континуирани државни обврзници се тргуваше само со 8 обврзници). Во текот на 2020 година на подсегментот Берзанска котација – други хартии од вредност е котирана една перпетуална обврзница која на крајот од 2020 година имаше пазарна капитализација од 313,1 милион денари.

## 4.2. Котација на нови хартии од вредност

### *4.2.1. Котација на континуирани државни обврзници*

Согласно потпишаниот Договор помеѓу Министерството за финансии на РСМ и Македонска берза АД Скопје, во 2020 година на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, беа примени на котација 16 емисии на државни обврзници, со вкупна номинална вредност од 18.469.970.000 денари.

### *4.2.2. Котација на корпоратини обврзници*

На седницата одржана на 15.04.2020 година, Одборот на директори на Македонска берза донесе Одлука за котација на корпоративни обврзници од II-рата емисија издадени од ТТК Банка АД Скопје на Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје, на подсегментот Берзанска котација со номинална вредност од 1.500.000 евра и рок на достасување од 6 години.

## 4.3. Исклучување од котација на хартии од вредност

- Заради достасување, на 03.04.2020 беше отстранета од тргување Обврзницата за надоместување на селективни кредити на НБРМ (со шифра на тргување RMNBM02), издадена од Република Северна Македонија.
- Заради достасување, на 01.06.2020 беше отстранета од тргување Деветтата емисија на обврзници за денационализација (со шифра на тргување RMDEN09) издадена од Република Северна Македонија.
- Заради достасување, беа отстранети 8 емисии на континуирани обврзници издадени од Република Северна Македонија во вкупна номинална вредност од 6.589.340.000 денари.

## 4.4. Преземени мерки согласно Правилата за котација

## Долгорочна суспензија од котација

Одборот на директори на Берзата на седницата одржана на 24.12.2020 година донесе одлука на друштвата АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Идевелоп АД Скопје и Благој Туфанов АД Радовиш, кои претходно со Одлука на Одборот на директори од 06.11.2020 година се внесени во Листата за набљудување согласно член 57 Правилата за котација, заради посериозни непостапувања за кои во долг временски период им се изрекувани низа на мерки да им изрече мерка Суспендирање од котација-долгорочна суспензија, согласно член 59 од Правилата за котација.

## Преземени мерки кон котирани друштва на подсегментот Берзанска котација

Во текот на 2020 година Одборот на директори на Берзата изрече мерка опомена на едно котирано друштво заради непочитување на одредбите од Правилата за котација, додека на четири друштвата им изрече мерка опомена заради непостапување по укажувањето за објава на финансиски план.

Одборот на директори им изрече мерка јавна опомена преку интернет страната на Берзата на две друштва (ЗК Пелагонија АД Битола и РЖ Институт АД Скопје).

## Преземени мерки кон друштва котирани на подсегментот Задолжителна котација

Во текот на 2020 година Одборот на директори на Берзата изрече мерка опомена на едно котирано друштво заради непочитување на одредбите од Правилата за котација.

Одборот на директори им изрече мерка јавна опомена преку интернет страната на Берзата на десет друштва (Стокопромет АД Скопје, Идевелоп АД Скопје, Агроплод АД Ресен, Трудбеник АД Охрид, Благој Туфанов АД Радовиш, АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје, Вабтек АД Скопје, Аутомакедонија АД Скопје, Неметали Огражден АД Струмица и Фабрика Карпош АД Скопје).

## Листа за набљудување

На 11.11.2020 година на интернет страната на Берзата за прв пат беше објавена Листата за набљудување, која беше воведена со измените и дополнувањата на Правилата за котација од септември.

На Листата за набљудување се внесуваат издавачи кои котираат на Официјалниот пазар поради:
а) изречена мерка од страна на Берзата - во случаи на посериозно непостапување од страна на издавачот согласно барањата утврдени во Правилата за котација;
или
б) обрнување на внимание на инвеститорската јавност за определени актуелни состојби поврзани со конкретниот издавач - во случаи на поспецифични ситуации поврзани со хартиите од вредност или со работењето на издавачот.

Во Листата за набљудување на веб страната на Берзата беа внесени 12 котирани друштва, од кои за 3 компании внесувањето на Листата за набљудување претставува санкција поради посериозно непостапување согласно член 57 од Правилата за котација, а за останатите 9 друштва е информација за инвеститорите дека треба да обрнат внимание на одредени специфични ситуации поврзани со нивните хартии од вредност или пак за издавачот, согласно член 61-а од Правилата за котација.

Во продолжение е Листата за набљудување на веб страната на Берзата објавена на 11.11.2020 година.

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСЕРИОЗНИ НЕПОСТАПУВАЊА ВО ОДНОС НА ИСПОЛНУВАЊЕТО НА ОБВРСКИТЕ ПО ПРАВИЛАТА ЗА КОТАЦИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| 11.11.2020 | АрцелорМиттал (ХРМ) АД Скопје | RZLE | член 57 од Правила за котација | необјавување на финансиски извештаи (необјавени неревидирани финансиски извештаи за 01.01-.-30.06.2019, 01.01.-30.09.2019, 01.01.-31.12.2019, 01.01.-31.03.2020, 01.01.-30.06.2020 и ревидирани финансиски извештаи за 2019 година) |
| 11.11.2020 | Идевелоп АД Скопје | IDVP | член 57 од Правила за котација | необјавување на финансиски извештаи (необјавени неревидирани финансиски извештаи за 01.01.-31.12.2019, 01.01.-31.03.2020, 01.01.-30.06.2020 и ревидирани финансиски извештаи за 2019 година) |
| 11.11.2020 | Благој Туфанов АД Радовиш | BLTU | член 57 од Правила за котација | • неодржување на годишно собрание на акционери (последно одржано во 2014 година)<br><br>• необјавување на финансиски извештаи (последни објавени ревидирани финансиски извештаи за 2013 година и последни објавени неревидирани финансиски извештаи за 01.01.-31.03.2014 година) |

| ИЗДАВАЧИ СО ПОСПЕЦИФИЧНИ СИТУАЦИИ И НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЛИ НИВНОТО РАБОТЕЊЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на внесување** | **Издавач** | **Шифра на ХВ** | **Основ за внесување** | **Причина за внесување** |
| 11.11.2020 | ЖАС АД Скопје | ZAS | член 61-а | • објава на издавачот дека нема деловна активност<br>• објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Трудбеник АД Охрид | TRDB | член 61-а | • објава на издавачот дека нема деловна активност<br>• неодржување на годишно собрание на акционери<br>• поведена претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над друштвото од страна на Основниот суд во Охрид |
| 11.11.2020 | Сковин АД Скопје | SKOV | член 61-а | објава на издавачот дека има извршено продажба на целокупниот свој имот |
| 11.11.2020 | Агромеханика АД Скопје | AMEH | член 61-а | објава на издавачот дека нема деловна активност |
| 11.11.2020 | РЖ Интер-Трансшпед АД Скопје | RZIT | член 61-а | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Стокопромет АД Скопје | STOK | член 61-а | објава на издавачот дека има блокирана банкарска сметка |
| 11.11.2020 | Карбо-Нова АД Крива Паланка | KSPR | член 61-а | • неодржување на годишно собрание на акционери и објава на издавачот за судски постапки во врска со донесени одлуки од последно одржано собрание на акцинери<br>• поведена претходна постапка за испитување на условите за отварање на стечајна постапка над друштвото од страна на Основниот суд во Куманово |
| 11.11.2020 | Фабрика Карпош АД Скопје | KPSS | член 61-а | објавена јавна понуда за преземање |
| 11.11.2020 | Либерти АД Скопје | RZLV | член 61-а | објавена намера за преземање на друштвото |

На 20.11.2020 година Берзата изврши бришење на издавачот Фабрика Карпош АД Скопје од Листата за набљудување што се објавува на веб страница на Берзата, поради завршена јавна понуда за преземање на друштвото од страна на преземачот Градежен Институт АД Скопје.

На 24.12.2020 година Одборот на директори на Берзата донесе заклучок за внесување на издавачот Агроплод АД Ресен на Листата за набљудување што се објавува на веб страница на Берзата, согласно член 61-а од Правилата за котација. Внесување на друштвото Агроплод АД Ресен на оваа листа е поради тоа што на Собранието на акционери на друштвото кое се одржа на 10.12.2020 година се донесе одлука за трансформација на друштвото во ДООЕЛ.

## 4.5. Објавени известувања преку СЕИ-Нет

| Објави на СЕИ-Нет во 2020 | Супер котација и Берзанска котација | Задолжителна котација | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ***Број на котирани друштва*** | ***27*** | ***73*** | ***100*** |
| Други ценовно чувствителни информации | 303 | 457 | 760 |
| Информации поврзани со Собрание на акционери и одлуки на органите на управување | 261 | 431 | 692 |
| Објави поврзани со финансиски извештаи | 184 | 418 | 602 |
| **ВКУПНО** | **748** | **1306** | **2054** |

## 4.6. Останати активности поврзани со котирани друштва

### Активности на котираните друштва во услови на појава и ширење на вирусот COVID-19

Влијанието на појавата и ширењето на вирусот COVID-19 се одрази на работењето на котираните друштва, па така, имајќи и предвид донесените мерките од страна на Владата на РС Македонија за спречување на ширењето на вирусот COVID-19, предлогот на Комисијата за хартии од вредност до котираните акционерски друштва котирани да го модифицираат вообичаеното одржување на годишните собранија на акционери, и доколку технички е возможно, да ја искористат законската можност за виртуелно одржување на собрание на акционери, или пак учество на собрание по пат на писмена кореспонденција, како и уредбата на Владата на Р.С. Македонија, со која на акционерските друштва им се забрани одржување на собранија на акционери за времетраењето на вонредната состојба во земјата, дел од котираните друштвата своите закажани собранија на акционери не ги одржаа или го одложија одржувањето на истите.
Воедно, Комисијата за хартии од вредност побара од сите котирани друштва да објават проценка на менаџментот за влијанието прогласената пандемија од COVID-19 врз работењето на друштвото во првиот квартал заедно со објавата на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2020 година, како и да објават и анализа на потенцијалните ефекти од моменталната состојба врз идното финансиско работење, како и евентуалните мерки кои ќе ги преземе друштвото со цел да го намали негативниот ефект врз работењето. Дополнително, Берзата во своите дописи кои редовно се испраќа до котираните друштва за потсетување на обврската за објавување на квартални финансиски извештаи, укажа дека котираните друштва треба за постапат и согласно претходно добиениот допис од Комисијата за хартии од вредност. Постапувајќи согласно барањето на Комисијата, при објава на неревидираниот биланс на успех за периодот 01.01.-31.03.2020 година, вкупно 92 котирани друштва објавија проценката на менаџментот за влијанието на моменталната ситуација (прогласената пандемија од COVID-19) врз работењето на котираното друштво во пропишаните рокови, за што Берзата соодветно ја извести Комисијата.

## 4.7. Измени и дополнувања на Правилата за котација

Во септември започна примената на измените и дополнувањата на Правилата за котација кои се донесени согласно Одлуката на Одборот на директори за измени и дополнувања на Правилата за котација бр. 02-957/1 од 28.07.2020 година и задолжението по Решение на Комисијата за хартии од вредност бр. УП1 08-60 од 21.08.2020 година за давање согласност на истата.

Измените и дополнувањата на Правилата за котација се направени во следниве насоки:

1. Скратување на роковите за објава на периодичните извештаи, согласно регионалните и европските пракси, и тоа:
   - рокот кај полугодишните неревидирани финансиски извештаи се крати за 30 дена, односно истите треба да се објават најдоцна до 31.07., додека рокот кај консолидраните се крати за 15 дена односно истите треба да се објават најдоцна до 15.08.;
   - рокот кај тримесечните и деветмесечните неревидирани консолидирани и неконсолидирани финансиски извештаи се крати за 15 дена; и
   - рокот кај годишните неревидирани неконсолидирани финансиски извештаи се крати за 15 дена односно истите треба да се објават најдоцна до 01.03. тековната година, за претходната година.
2. Промени се направени и кај објавата на одобрените ревидирани финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето за кои е предвидено да се објават во рок од 7 дена од усвојување на собрание на акционери, но не подоцна од 31.05 тековната година, за претходната година.
3. Се воведува обврска котираните друштва најдоцна до крајот на месец јануари да објават календар на настани во кој ќе бидат прецизирани неделите од годината во кои ќе вршат објави на финансиски извештаи или други значајни настани поврзани со работењето на друштвото.
4. Направено е доуредување на методите и начинот на комуникација на Берзата со котираните друштва во случај на индиции или евентуални прекршувања на одредби од Правилата, мерките кои Берзата може да ги преземе кон издавачите при непочитување на одредбите од Правилата и околностите кои ќе се имаат предвид при определување на мерката. Покрај постоечките мерки, се воведуваат и нови: мерка „укажување“ во случај на несоодветна примена на Правилата или нивно нецелосно почитување од страна на издавачот, потоа воведување на т.н. Листа за набљудување, која е предвидено да се води на интернет страницата на Берзата и на којашто ќе се внесуваат издавачи за кои Берзата смета дека треба да и се обрне внимание на инвеститорската јавност поради посериозно непостапување од страна на издавачот или поради други ситуации поврзани со хартиите од вредност или издавачот.
5. Доуредување на постапката за суспендирање на котацијата, со воведување на периоди и видови на суспензија од котација, при што е направена градација во тежината на прекршувањата кои ги извршил издавачот и се регулираат обврските кои ги имаат издавачите во поглед на исполнување на постојаните обврски за известување додека трае мерката, начинот на кој ќе се претставува друштвото пред трети лица, начин на кој ќе се тргува со суспендираните хартии од вредност, како и начинот под кој може да се укине мерката суспензија.

Со измените и дополнувањата на Правилата за котација претстана да важи “Одлуката бр.02-1602/1 од 30.10.2014 година за утврдување на критериумите, начинот и постапката за опоменување на издавачи котирани на подсегментот Задолжителна котација и известување на Комисијата за хартии од вредност”, со што се воведоа исти критериуми за изрекување на мерки кај котираните друштва на сите пазарни подсегмнти на Официјалниот пазар.

На 04.11.2020 година, започна со примена новата одлуката за измени на Правилата за котација донесена од страна на Одборот на директори на Берзата на 16.10.2020 година, со која се направи

допрецизирање на основите и начините за внесување на котираните издавачи на Листата на набљудување, односно се предвиде можност Берзата да внесе на Листата на набљудување издавач којшто не ги прекршил Правилата за котација, доколку се процени дека поради постоење на други поспецифични ситуации и настани поврзани со хартиите од вредност или со издавачот, е потребно да и се обрне внимание на инвеститорската јавност за постоењето на вакви околности. Воедно, со измените се прецизира правото на жалба при внесување на издавач кога се изрекува мерка за внесување на Листата на набљудување.

## Одржани работни состаноци со котираните друштва

На 22 и 23.09.2020 година, преку online платформата ZOOM, Берзата организираше три поединечни состаноци на тема имплементација на новите измени на Правилата за котација, на кои беа поканети сите 100 котирани компании. Целта на работилниците беше детална презентација и дополнителни појаснувања поврзани со измените и дополнувањата на новите Правила за котација.

## Активности поврзани со проекти со ЕБОР за инвестициски анализи

Во 2020 година продолжија активностите во рамките на соработката на Македонска берза со ЕБОР во врска со изготвување на инвестициски анализи за котираните компании од регионот на Југоисточна Европа, од страна на претходно селектираниот контрактор - WOOD & Company. Од избраните котирани компании на Македонска берза за учество во овој проект беа потпишани меморандуми за соработка со Комерцијална банка АД Скопје, Алкалоид АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје.

Првиот извештај со направена инвестициона анализа на консултанската куќа WOOD & Company беше објавен на 10.09.2020 година за котирано друштво Комерцијална банка АД Скопје, на 17.09.2020 година се објави втората анализа за Алкалоид АД Скопје, додека за НЛБ банка АД Скопје се објави на 10.12.2020 година. Препораките кои беа составен дел на овие анализи "купи" и "чувај" може да се оцени дека имаа позитивен импакт на динамиката на тргувањето со овие акции на Берзата.

## Избор на акционерски друштва – кандидати за доделување на наградата „Кристално ѕвоно“ за 2019 година

Во текот на 2020 година, беа спроведени активностите за избор на кандидати за доделување на наградата „Кристално ѕвоно" за најтранспарентни котирани друштва на Официјалниот пазар на Македонската берза за 2019 година.

При разгледувањето на транспаретноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ја имаше предвид нивната транспарентност во текот на 2019 година, особено бројот на објавените известувања преку СЕИ-Нет и нивниот квалитет, квалитетот на објавениот годишен извештај за работењето на друштвото, квалитетот на интернет страницата на друштвото и др.

По спроведување на наведеното се продолжи со активностите во насока на гласање од страна на сите учесници во изборот: пазарни учесници, медимуите и јавноста, по што беа избрани добитниците на наградата „Кристално ѕвоно“ за 2019 година.

На 17.12.2020 година, во рамките на онлајн настанот тркалезна маса на тема „Берзите во 2020 година - Осврт на локалниот и глобалните пазари„ беше доделена годишната награда „Кристално ѕвоно" за најтранспрентно котирано акционерско друштво за 2019 година на Алкалод АД Скопје, второнаградена беше Комерцијална банка АД Скопје, додека на третото место беше НЛБ банка АД Скопје.

## 5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРГУВАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА БЕСТ СИСТЕМОТ

Во текот на 2020 година, согласно направени измени и дополнувања на Правилата за тргување на Берзата, се воведе можност за прекин на тргувањето на сите пазари, доколку вредноста на индексот МБИ10 падне или порасне за повеќе од 70% од максималната можна дневна промена на индексот во однос на неговата вредност на крајот од претходниот ден на тргување, имајќи ги предвид статичките лимити на цените на елементите на индексот;

Берзата редовно спроведуваше и други активности поврзани со тргувањето со хартии од вредност како што се:

- воспоставување и отстранување на ценовни ограничувања (статички лимити) и оперативни активности по тој основ, согласно измените во Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- распоредување на хартиите од вредност во соодветните режими на тргување, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки кои произлегуваат од Правилата за тргување;
- внес на нови хартии за тргување во БЕСТ системот по барање на членки на Берзата, на подсегментот Слободен пазар (беа внесени 28 нови хартии од вредност);
- рангирање на хартиите од вредност по ликвидни групи за поддржувачи на ликвидност, согласно одредбите од Правилата за тргување и соодветните одлуки;
- времени прекини и суспендирања на тргувањето со некои хартии од вредност каде ќе се јавеше потреба (поради исплата на камата и рата кај обврзници, достасување на обврзници, отворени стечајни постапки над друштва, ненавремено објавување на одлуки од собрание на акционери, преобразба на друштво од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност и др.);
- промена на назив на друштва (кај 2 друштва);
- изготвување и објава на календар на денови на тргување;
- ажурирање на состојбата во БЕСТ системот на хартиите од вредност што се тргуваат на подсегментот Слободен пазар од состојба „тргува“ во состојба „отстранета“.
- известување за неработни и нетрговски денови на Берзата согласно заклучок на Владата на Република Северна Македонија.

## 6. НАДЗОР НА ТРГУВАЊЕТО

При вршењето на надзорната функција во 2020 година посебен акцент беше ставен на влијанијата предизвикани од настаните и информациите поврзани со вирусот COVID-19. Оттука, имајќи ги предвид екстремно специфичните пазарни состојби, Берзата вршеше засилено следење на пазарните случувања и изготвуваше разни интерни статистички и аналитички прегледи во насока на што подобро разбирање и оценка на пазарните движења и трендови.

Со оглед на ценовните осцилации при тргувањето со хартии од вредност и нагласените промени на вредноста на индексот МБИ10, Македонска берза вршеше засилена вонтеренска контрола на членките Берзата од аспект на пазарни однесувања на одредена членка, брокер или инвеститорска сметка кои можат да претставуваат индикации за одредени неправилности (значајно придвижување на цени, front running, специфични вкрстени трансакции, верижно тргување, повлекување од прекинувачки аукции и сл.).

Берзата одржуваше континуирана комуникација со Комисијата за хартии од вредност во насока на информирање и координација на активностите во врска со тековните пазарни случувања, како и анализа на движењето на главниот берзански индекс МБИ10 и на определени показатели за перформансите на индексот во споредба со главните меѓународни и избрани регионални берзански индекси. Од наведените прегледи и анализи можеа да се увидат преовладувачките пазарни трендови на домашниот пазар на хартии од вредност во изминатиот период.

Согласно Програмата за работа во 2020 година, во четвртото тримесечие од 2020 година се започна со вонтеренска контрола на сите членки на Берзата од аспект на начинот на користење на налозите по најповолна цена и лимитираните налози со инструкции, како и начинот на нивна реализација од аспект на почитување на одредбите од Правилата за тргување (при што се имаа предвид и дејствијата кои не се дозволени при реализација на овие налози-вкрстени налози по најповолна цена, вкрстување налози од лица вработени во членката со налози по најповолна цена, користење на налози по најповолна цена при формирање на групна сметка или при реализирање на трансакции од Анекс 1 од Правилата за тргување на Берзата).

## 7. ЧЛЕНСТВО

Во 2020 година, до средината на месец Август, тргувањето со хартии од вредност се вршеше преку 11 членки на Берзата (6 банки и 5 брокерски куќи), кога поради отворената стечајна постапка над Еуростандард банка АД Скопје, оваа членка трајно беше исклучена од членство во Берзата и бројот на членки се намали на 10. Бројот на овластени брокери за тргување преку БЕСТ системот на почетокот на 2020 година изнесуваше 34 брокери, а на крајот на годината изнесуваше 32 брокери.

Во текот на годината, Берзата остваруваше активна соработка со членките преку одржување на состаноци со цел нивно информирање за новини и измени поврзани со тргувањето со хартии од вредност, како и со цел разменување на идеи и предлози за подобрување на пазарните услови и функционарањето на пазарната инфраструктура. На барање на членките, Берзата организираше полагање на испити за познавање на БЕСТ системот за нововработените брокери и вршеше активирање/суспендирање на правата за користење на БЕСТ системот од страна на овластените брокери. Берзата континуирано обезбедуваше и help-desk поддршка на членките при користење на софтверскиот систем за брокерско работење.

Во првата половина од годината, поради настанатите околности предизвикани од опасноста од ширење на корона вирусот, беше интензивирана комуникацијата на Берзата со Комисијата за работење со хартии од вредност при Македонската банкарска асоцијација преку која членките доставуваа своите предлози на мерки за надминување на состојбата и соодветно прилагодување на нивното работење во новонастанатите услови.

Исто така, беше направена засилена промоција на постоечките алатки на Берзата за електронско тргување (e-trader), кои им се достапни на инвеститорите преку членките, на тој начин што се дозволи бесплатно користење на алатката. Бесплатното користење, на барање на членките, беше продолжено во текот на целата година.

Воедно, на барање на членките, од страна на Берзата беа вложени дополнителни напори да се обезбеди далечинско работење на членките и за истото беа обезбедени услови во зависност од од информатичко-техничката опременост на членките.

**Преглед на активни членки на 31.12.2020 година**

| Членка | Шифра на членка | Активности кои ги врши членката | Број овластени брокери |
|---|---|---|---|
| **ГОЛЕМА ЛИЦЕНЦА** | | | |
| Комерцијална банка АД Скопје | KB | сите активности со хартии од вредност | 6 |
| НЛБ Банка АД Скопје | TN | сите активности со хартии од вредност | 4 |
| Еурохаус АД Скопје | EH | сите активности со хартии од вредност | 3 |
| ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје | MI | сите активности со хартии од вредност | 3 |
| Шпаркасе банка АД Скопје | SP | сите активности со хартии од вредност | 2 |
| Стопанска банка АД Скопје | SB | сите активности со хартии од вредност | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СРЕДНА ЛИЦЕНЦА** | | | |
| Илирика Инвестментс АД Скопје<br>ТТК Банка Скопје | IL<br>TK | покровител за котација<br>инвестициско советување<br>тргување на странски пазари<br>сите активности со хартии од вредност | 5<br>3 |
| **МАЛА ЛИЦЕНЦА** | | | |
| Иново Брокер АД Скопје<br>Фершпед Брокер АД Скопје | IN<br>FR | покровител за котација<br>тргување на странски пазари<br>купување и продавање за сметка на клиент | 2<br>2 |

# 8. АКТИВНОСТИ ВО ДЕЛОТ НА ИНФОРМАТИЧКА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА БЕРЗАТА

## 8.1 Активности поврзани со апликацијата Broker Office

Во текот на 2020 година во делот на активностите поврзани со одржувањето на апликацијата за позадинско брокерско работење, покрај редовната поддршка на брокерските куќи, главен акцент беше ставен на имплементација на новата функционалност за offline пазари со која се овозможува членките да водат евиденција на налози за странски пазари. Покрај креирањето на спецификацијата за имплементација и тестирање на истата, Берзата беше активно вклучена и во прилагодување на шемите за книжење на трансакции реализирани на странски пазари. Дополнително, при крајот на 2020 година со промената на Правилникот за известување до КХВ кој се однесува на делот за членките, по барање на сите членки беше направена имплементација на еден извештај со можност за експорт на податоците во XML формат.

## 8.2 Овозможување на делечински начин на работа од дома на вработените во Берзата

Со воведување на вонредната состојба, Секторот за информатичка и техничка поддршка на Берзата своите ресурси ги насочи кон обезбедување на сигурен начин на работа од дома на вработените на Берзата. Беа набавени нови лаптоп уреди, кои се конфигурираа за овој начин на работа. Се набави нов НАС сервер со што се овозможи побрз пристап до заедничкиот file server. За потребите на обезбедување на безбеден начин на поврзување на секој вработен од дома со системите на Берзата се конфигурираше VPN сервер (поставен како модул на централниот firewall систем). Исто така, за потребите од обезбедување на активна комуникација на вработените се имплементира систем за проследување на пораки во реално време, како и систем за аудио и видео конференции. Два системи се интегрирани меѓу себе, но може да се користат и посебно, а најважно од се е тоа што истите се целосно хостирани на ресурси кои се локални т.е. комуникацијата е безбедна.

## 8.3 Активности поврзани со БЕСТ системот

Во текот на првиот квартал од 2020 година поради промена на Правилата за тргување беше извршена промена во БЕСТ системот при што беше имплементирана нова функционалност за автоматизиран прекин на тргувањето во случај на големи флуктуации на индексот МБИ10. Промената беше тестирана на локално тест окружување и по тестирањето оваа функционалност беше пуштена во продукција.

Во текот на вториот квартал од 2020 година согласно Програмата за работа за 2020 година, а со цел воведување на најновата верзија на БЕСТ системот се пристапи кон анализа на изворниот код на БЕСТ заради импллентација на нова верзија на софтверот. Во текот на овој процес во соработка со надворешна компанија која го одржува системот беа констатирани проблеми при имплементација на измените на новата верзија. Беше констатирано дека развојното опкружување е застарено и дека

во моментов надворешната компанија нема ресурси за имплементација на оваа надградба, со што се наметна потребата за изнаоѓање на соодветно решение.
Во текот на четвртиот квартал од 2020 година се пристапи кон преговарање со Бањалучката Берза за заедничко превентивно одржување на двата системи за тргување и инвестициско одржување на БЕСТ системот и успешно се креираа два договори. Во договорот за заедничко превентивно одржување се договорија начините на реализација на истото, односно дека во случај на потреба за превентивно одржување од било која берза (Македонската или Бањалучката) IT секторите на двете берзи ќе соработуват меѓусебно за решавање на конкретниот проблем. Договорот за превентивно одржување се базира на партнерски однос и меѓусебна помош. Договорот за инвестициско одржување се склучи со компанија ќерка на берзата од Бања Лука. Овој договор во делот на трошоци е ист како договорот со повеќегодишниот партнер од Novita од Словенија.

## 8.4 Имплементација на задолженијата на побарани од страна на КХВ

Во текот на првиот и вториот квартал од 2020 година, Секторот за информатичка и техничка поддршка работеше на имплементација на задолженијата од страна на КХВ, а кои се однесуваат на:

- Воведување на систем на централизиран пристап на корисничка администрација со употреба на Microsoft Active Directory – ова задолжение е целосно имплементирано на сите серверски машини управувани од Берзата, како и на сите персоналн компјутери кои ги користат вработените.
- Предефинирање на начинот на пристап до засебните виртуелни машини со ЦДХВ – оваа активност беше целосно имплементирана и беа поставени соодветни привилегии на секој корисник на системот со јасно дефиниран пристап.

## 8.5 Изработка на нова верзија на апликацијата Виртуелна Берза

Во текот на третиот и четвртиот квартал од 2020 година се започна и самостојно се финализира изработката на нова апликација за виртуелно тргување со хартии од вредност чија цел е да ја замени досегашната апликација. Новата верзија содржи многу повеќе функционалности од претходната, а најважни се воведување на повеќе лиги за тргување со што ќе се отвори можност за организирано учество на групи на учесници. Исто така, за секоја лига е имплементиран и посебен тип на корисник – администратор на лигата кој може да ги следи сите активности на учесниците и нивното рангирање. Имплементиран е и модул за глобална администрација на системот.

## 8.6 Миграција на нов мејл сервер

На почетокот на декември 2020 година се реализираше планираната миграција на нов мејл сервер. Новиот мејл сервер е инсталиран на последна верзија на Ubuntu Server оперативен систем, со имплементација на најнова antispam и antivirus заштита. Додадени се модули за менаџирање на виртуелни мејл домени, менаџирање на antispam систем и респулзивна webmail апликација. Миграцијата се реализираше без некои поголеми потешкоти.

## 8.7 Доекипирање на Секторот за информатичка и техничка поддршка

Со оглед на новонастанатата кадровска ситуација кон крајот на годината, односно заминување на двајца вработени, се пристапи кон барање на соодветна замена. Беа направени повеќе интервјуа со потенцијални кандидати, при што се направи избор на еден кандидат. Воедно, се разгледаа можностите за соработка со надворешна IT компанија во иднина.

## 9. ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Правните активности на Берзата во рамките на нејзиното работење во текот на 2020 година сумарно се одбиваа во следните области:

### 9.1. Интензивирани активности на Одборот на директори поради влијанието на вирусот COVID-19 на тргувањето со хартии од вредност и донесување на соодветни одлуки

Имајќи го предвид влијанието што настаните и информациите за опасноста од ширење на вирусот COVID-19 во првата половина од година го имаа на тргувањето со хартии од вредност, Одборот на директори на Берзата зачестено одржуваше седници (особено во текот на месец март и април), заради информирање за актуелните пазарни состојби, анализа и проценка на потребата од промптно донесување на одлуки во рамки на своите надлежности. На одржаните седници Одборот на директори беше детално информиран за пазарните состојби и за ценовните флуктуации на индексот МБИ10 и врз основа на сеопфатни дискусии се правеше проценка на целисходноста и оптималниот тајминг за преземање на мерки со цел обезбедување на уредно тргување со хартии од вредност и ублажување на ефектите од изразените негативни пазарни и ценовни движења. Во таа насока, Одборот донесе одлука со која се направија измени на Правилата за тргување со кои се регулираше постапката за времено прекинување на тргувањето поради пазарни осцилации или вонредни околности, понатаму, одлучуваше за измени на ценовните ограничувања (статички и динамички лимити) при тргувањето со хартии од вредност, како и за престанување на важење на ваквите измени, одлучуваше и за промени во времето на тргување со хартии од вредност на Берзата соодветно на промените во работното време на членките на Берзата, поради превентивните мерки за справување во кризата кои беа актуелни во дадениот период. Донесувањето на одлуките од страна на Одборот на дирекори на Берзата беше во координација со Комисијата за хартии од вредност, како и со официјалниот став на Европската федерација на берзи (FESE), којшто се темелеше на фактот дека со долгорочни ограничувања за тргување на берзите од каков било вид може само се прикрие моменталниот инвеститорски сентимент, да се отежне пристапот на инвеститорите до нивните средства и да придонесе за мултиплицирање на сложените пазарни состојби и последици за инвеститорите во хартии од вредност. Зачестеното одржување на седниците на Одборот на директори и навременото донесување на соодветни одлуки поврзани со тргувањето, придонесоа за ублажување на негативното влијание на настанатите состојби на движењето на цените на хартиите од вредност, како и за одржување на уредноста во тргување со хартии од вредност.

Исто така, со цел давање поддршка во справувањето со последиците од пандемијата на корона вирусот од страна на домашните здравствени институции, а во насока на општествено одговорното работење на Берзата, од страна на Одборот на директори на Берзата беше донесена одлука да се донираат 500.000 денари на Министерството за здравство.

### 9.2. Изменување и дополнување на акти на Берзата и донесување на нови интерни акти

Со цел подобрување на актите на Берзата, нивно прилагодување на нови состојби, усогласување со законските прописи, како и во насока на креирање на поповолен амбиент и воведување на повисоки стандарди на македонскиот пазар на хартии од вредност, во текот на 2020 година беа направени измени и дополнувања на следните акти на Берзата.

| Правила за Тргување | Воведени измени и дополнувања |
|---|---|
| | Со измените и дополнувањата на Правилата за тргување направени во рамки на активностите на Одборот на директори опишани во точка 9.1 од овој Извештај, се регулира начинот на времен прекин на тргувањето поради вонредна осцилаторност на пазарот изразена преку соодветен пораст или пад на вредноста на индексот МБИ10, како и поради настанување на вонредно околности надвор од |

| | |
|---|---|
| | контрола на Берзата кои не можат да се предвидат, спречат, избегнат или отстранат, а кои влијаат на редовното работење на Берзата и уредно тргување со хартии од вредност, или кои може да предизвикаат општа попреченост во редовното работење на Берзата и уредно тргување со хартии од вредност. Со овие измени и дополнувања на Правилата за тргување се овозможува поголем временски простор за соодветна реакција на инвеститорите при вакви постоење на пазарни осцилации и вонредни околности. |
| | |
| **Правила за котација** | **Воведени измени и дополнувања** |
| Прва измена на Правилата за котација | Со измените и дополнувањата на Правилата за котација, кои започнаа да се применуваат на 21.09.2020 година, се изврши скратување на рокови за објава на периодичните извештаи, како и скратување на рокот за објава на одобрените ревидирани финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото; се воведе и обврска котираните друштва да објават и календар на настани најдоцна до крајот на месец јануари, во кој друштвата ќе ги прецизираат неделите од годината во кои ќе вршат објави на финансиски извештаи или други важни настани поврзани со работењето на друштвото; се воведе мерката "укажување", мерката внесување на т.н. "листа на набљудување" која ќе се води на веб страницата на Берзата, како и мерката суспендирање од котација, а истовремено се направи и допрецизирање на постојните мерки во смисла на случаите во кои истите се изрекуваат; се предвиде можноста Берзата да прими на котација и хартии од вредност или издавачи кои во целост не ги исполнуваат посебните одредби за котација, но кои по нејзина проценка претставуваат потенцијал за унапредување на квалитетот на пазарот и на тргувањето и се направија и технички допрецизирања на некои од постоечките одредби од Правилата. |
| Втора измена на Правилата за котација | После започнување со примена на измените на Правилата за котација, се наметна потребата од допрецизирање и дополнување на Правилата за котација во однос на внесувањето на издавачи на Листата за набљудување, во смисла кога истото се прави како мерка изречена од страна на Одборот на директори, а кога се користи како механизам за укажување на инвеститорската јавност за состојите со друштвото или со хартии од вредност. Исто така, со измените и дополнувањата се изврши и исклучување на суспензивното дејство на жалбата при изрекување на мерката внесување на Листата за набљудување. |
| Процедури за внесување на Листата на набљудување | **Донесени Процедури за внесување на Листата за набљудување**<br><br>Со цел попрецизно пропишување на постапка за примена на мерката односно механизмот во Правилата за котација на Берзата за внесување на издавач на т.н. Листа на набљудување, се донесоа Процедури за начинот и постапката за внесување на издавачи чии акции котираат на Официјалниот пазар на Берзата на Листата на набљудување. Со Процедурите се прави подетална разработка на начинот и постапката за внесувањето на издавачот на Листата за набљудување и постапката на бришење, односно симнување на |

| | |
|---|---|
| | издавачот од Листата, како и утврдување на подетални критериуми за внесување на издавач на Листата за набљудување, кога внесувањето на Листата се изрекува како мерка согласно член 57 од Правилата за котација и кога внесувањето на Листата се врши заради обрнување внимание на инвеститорската јавност согласно член 61-а од Правилата за котација. |
| Политика за управување со судир на интереси | **Донесена Политика за управување со судир на интереси**<br><br>Со донесување на овој акт се утврдија процедурите и мерките за превенција од потенцијални штетни влијанија врз функционирањето на Берзата, нејзините членки и другите учесници на пазарот на капитал кои може да произлезат од судирот на интереси на Берзата и нејзините акционери, од една страна, и одржливото и ефикасно функционирање на пазарот што го управува Берзата од друга страна, а особено штетните влијанија што можат да го нарушат јавниот интерес за обезбедување на фер и транспарентен пазар на хартии од вредност. |
| Измена на акти од областа на заштита на личните податоци | **Измени на Правилникот за организациски и технички мерки за обезбедување на заштита на личните податоци и Правилникот за видео надзор**<br><br>Врз основа на препораките од спроведената контрола од страна на надворешен експерт за проверка на усогласеноста на работењето на Берзата со Законот за заштита на личните податоци кон крајот на 2019 година, се направија измени и допрецизирања на одредени одредби од Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување на заштита на личните податоци и Правилникот за видео надзор на Берзата, заради нивно целосно усгласување со Законот за заштита на личните податоци. |
| Сметководствени политики на Берзата | **Измени и дополнувања на Сметководствените политики на Берзата**<br><br>Со измените на Сметководствените политики подетално се регулира начинот на вршење на исправка на вредноста на побарувањата што Берзата ги има кон друштва над кои е отворена стечајна или ликвидациона постапка. |

## 9.3. Годишно Собранието на акционери на Берзата на 29.05.2020 година

Седницата на Годишното Собранието се одржа на 29.05.2020 година. Со оглед на фактот дека седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата се одржа во период кога на сила беа препораките од Владата на РСМ за начин на одржување настани со присуство на поголем број на лица поради опасноста од ширење на вирусот COVID-19, во поканата за седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата, на акционерите им беше укажано на законската можност за кореспондентско гласање по точките од дневниот ред за седницата. Ваквата законска можност беше искористена од акционерите кои поседуваат повеќе од 73% од акциите со право на глас издадени од Берзата.

На седницата на Годишното собрание на акционери на Берзата беа усвоени Извештајот за работа на Македонска берза АД Скопје во 2019 година, Годишна сметка и финансиските извештаи на Берзата за 2019 година, се донесоа Одлука за распоредување на добивката за 2019 година и Одлука за утврдување на датуми за исплата на дивиденда, се одобри работата на Одборот на директори на Берзата во 2019 година, колективно и од аспект на поединечни членови, се донесе Одлука за избор на членови на Одборот на директори на Берзата, се разгледаа Извештајот на независните ревизори за финансиските извештаи на Берзата за 2019 година и Годишниот извештај на Дирекцијата за внатрешна ревизија на Берзата за 2019 година, се избра ревизор на финансиските извештаи на Берзата за 2020 година и се усвои Програмата за работа на Берзата за 2020 година.

## 9.4. Настани поврзани со составот на Одборот на директори

На Годишното собрание на акционери на Берзата во 2020 година беше донесена Одлуката за избор на членови на Одборот на директори на Берзата, со која беше продолжен мандатот на дотогашните членови на Одборот на директори на Берзата за период од 4 години. На конститутивната седница, за Претседател на Одборот на директори беше избран г-динот Тони Стојановски, а за извршен член на Одборот на директори повторно беше избран г-динот Иван Штериев.

Со оглед на фактот дека за извршувањето на функцијата Главен извршен директор на Берзата е потребна согласнот од Комисијата за хартии од вредност, беа преземени потребните активности за поднесување на барање за согласност до Комисијата согласно Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност и утврдување на формата и содржината на барањето за давање на согласност за именување директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност. Согласноста од Комисијата за хартии од вредмост за извршување на фукцијата Главен извршен директор од страна на г-динот Иван Штериев беше дадена со Решение бр.УП1 08-51 од 07.07.2020 година.

На 20.08.2020 година, од страна на г-динот Коста Костовски беше поднесена оставка од функцијата неизвршен член на Одборот на директори на Берзата. Со оглед на фактот дека поради поднесената оставка бројот на членовите на Одборот на директори се намали под бројот предвиден во Статутот на Берзата, Одборот на директори ги разгледа можните начини на постапување во случај на непотполн состав на органот на управување согласно Законот за трговски друштва и после направените консултации беше заклучено комплетирањето на составот на Одборот да се направи на наредното редовно собрание на акционери на Берзата во 2021 година.

## 9.5. Комуникација со Комисијата за хартии од вредност

- **Вонредна вонтеренска контрола над работењето на Берзата**

Во текот на оваа година, Комисијата за хартии од вредност спроведе вонредна, вонтеренска контрола над работење на Берзата, чиј што предмет беше утврдување на причините, процедурите и преземените мерки од страна на Берзата при поништување на трансакција поради несоодветно внесена наместо како администраторска блок трансакција, во системот за тргување беше нотифицирана како трансакција склучена во редовното работење. Во врска со вонредната, вонтеренска контрола беше доставен Записник од Комисијата, на којшто Берзата достави Приговор после што следување доставување на Решение УП1 08-67 од 21.08.2020 година, со кое се задолжува Берзата " да изврши измени односно надградба на системот за тргување во насока на минимизирање на веројатноста за појава на човечка грешка при администрирање на системот за тргување во делот за објавување на блок трансакции и да пропише соодветни правила за постапување во случај на грешка". Берзата постапи согласно Решението од Комисијата за хартии од вредност.

### Известување на Комисијата согласно закон и подзаконски акти

Во текот на 2020 година, со цел исполнување на обврските за известување пропишани со законските и подзаконските акти, Берзата редовно доставуваше дневни, неделни и месечни извештаи за своето работење до Комисијата за хартии од вредност, како и други акти, извештаи и известувања согласно законот. Воедно, покрај редовната комуникација, во текот на извештајниот период Берзата доставуваше други дополнителни дописи и известувања до Комисијата, како на барање на Комисијата за хартии од вредност, така и на своја иницијатива.

## 9.6. Коментари на подзаконски акти на Комисијата за хартии од врендост во рамки на јавната расправа за истите

Во текот на извештајниот период, Берзата во два наврати доставуваше коментари на предлог-правилници на Комисијата за хартии од вредност, објавени на нејзината интернет страница, во рамки на јавната расправа за истите. Така, во првото тромесечие од годината, во рамки на рокот предвиден за јавна расправа, Берзата достави коментари и забелешки на Предлог- Правилникот за начинот и постапката за давање согласност за именување директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност и утврдување на формата и содржината на барањето за давање на согласност за именување директор на овластен учесник на пазарот на хартии од вредност. Во четврото тромесечие, согласно насоките од Одборот на директори, во рамки на предвидениот рок, Берзата достави забелешки на Предлог-Правилникот за задолжителната содржина, форма и рокови за доставување на извештаите за работењето на овластените учесници, берзи и депозитари.

## 9.7. Кодекс за корпоративно управување

После обезбедувањето на поддршка од страна на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), во првата половина од годината, се започна со работа на проект во рамки на кој ќе се изврши ревидирање на постоечкиот Кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Берзата од страна на наворешен консултантски тим, со цел усогласување на Кодексот со европската регулатива, меѓународните принципи и најдобрите практики на корпоративно управување, преку донесување на целосно нов Кодекс за корпоративно управување. Станува збор за зеднички проект на Берзата и Комисијата за хартии од вредност. Проектот ќе продолжи со работа и во текот на 2021 година, за кога се очекува усвојувањето на новиот Кодекс за корпоративно утварување на Македонска берза АД Скопје.

## 9.8. Проектот на ЕБРД за Известување за заштитата на животната средина, општествената одговорност и управувањето (Environmental Social Governance Reporting)

Кон крајот на 2020 година, Берзата започна соработка со претставници на Проектот на ЕБРД за Известување за заштитата на животната средина, општествената одговорност и управувањето (Environmental Social Governance Reporting). Во рамки на проектот, Берзата ќе учествува во развивањето на унифицирана, конзистентна и транспарентна рамка за ESG известување хармонизирана со европските стандарди од оваа област, како и во промоцијата на подобри корпоративни практики за информирање на инвеститорите преку подобрување на известувањето за заштита на животната средина, општествената одговорност и управувањето. Со оглед на тоа што инвеститорите се повеќе ги вклучуваат и ESG факторите во нивните инвестициски методологии и анализи, овој проект, преку обезбедувањето на правна рамка за ESG известување којашто ќе биде хармонизирана со европските стандарди од оваа област, има за цел да придонесе и за зголемување на атрактивноста на македонските и полските компании и одржливост на економиите.

## 9.9. Учество во работата на работните групи за изработка на новите законски решенија во областа на хартии од врендост

Во текот на 2020 година, продолжи активното учество на претставниците на Берзата во работата на работните груши за изработка на Законот за финансиски инструменти и Законот за проспекти и

обврски за транспарентност, составена од претставници на Министерството за финансии, Комисијата за хартии до вредност, Централниот депозитар, брокерското здружение, Народна банка и Берзата. На состаноците кои на редовна основа се одржуваа по неколку пати во месецот, претставниците на Берзата даваа свои коментари и забелешки на работните верзии на новите закони во насока на подобро транспонирање и усогласување на новите законски решенија со европските директиви и регулативи.

## 9.10. Резиме на старешки приоритети

Одборот на директори на Берзата во декември 2020 година одржа посебна тематска седница чиј предмет беше планирањето на идните активности и проекти во функција на понатамошен развој на Берзата како акционерско друштво и македонскиот пазар на хартии од вредност во целина.

На оваа тематска седница детално се расправаше за моменталните пазарни состојби, предизвиците и развојните можности во работењето и функционирањето на Берзата во наредниот период. Притоа, се имаа предвид спецификите поврзани со основната дејност на Берзата (организација на регулиран пазар за тргување со хартии од вредност), нејзините јавни овластувања наспроти нејзината приватна сопственост и профитна ориентација, како и фактот дека работењето на Берзата е строго законски детерминирано и е предмет на посебен регулаторен режим.

Врз основа на расправата и изнесените ставови и видувања на членовите на Одборот на директори, заклучено беше, во 2021 година да се подготви и да се усвои т.н. Резиме на главните стратешки приоритети на Берзата во периодот 2021-2023 година, во кое и формално ќе бидат определени и утврдени главните стратешки приоритети и активности на Берзата како што се одржливост и унапредување на работењето на Берзата, неопходноста од реализација на синергии преку интеграциски процеси, одржување на поволна правна регулатива во којашто ќе делува Берзата и развојно партнерство со државните институции и регулаторот на пазарот на хартии од вредност.

## 9.11. Внатрешна ревизија

Исполнувањето на законската обврска за вршење на внатрешна ревизија и оваа година Берзата ја остваруваше преку надворешен соработник за внатрешна ревизија, кој во предвидените рокови изготви Годишен извештај за внатрешна ревизија за 2019 година и Годишен план за ревизија и ги спроведе планираните ревизии. Препораките дадени од надворешниот соработник за извршување во извештаите за извршените ревизии беа усвоени од страна на Одборот на директори и беа соодветно спроведени во работењето на Берзата.

## 9.12. Преземени мерки за обезбедување на континуитет во работењето на Берзата за времетраење на опасноста од ширење на вирусот COVID-19

Со цел обезбедување на континуитет во работењето на Берзата за времетраење на опасноста од ширење на вирусот COVID-19, како и со цел заштита на здравјето на вработените на Берзата, почнувајќи од средината на месец март беше воведен редуциран распоред на физичко доаѓање на работа на вработените на Берзата, заради извршување на работни задачи кои не можат да бидат извршени надвор од деловните простории на Берзата. Подоцна, кон средината на годината, редуцираниот распоред за физично доаѓање на работа се модифицираше на тој начин што вработените се поделија во групи кои ротираа на неделна основа, при што се водеше сметка да биде покриена најмалку една работна позиција од секоја организациона едницина на Берзата со вработен кој ги извршува работните задачи со физичко доаѓање на работа. Работењето на Берзата и во ваков режим на работа се одвиваше успешно и непречено, без какви било застои или потешкотии во извршување на работните задачи од страна на вработените.

## 9.13. Доставување одговори на поднесени барања и дописи

Во текот на оваа година, Берзата континуирано доставуваше одговори по доставени барања од надлежните органи и институции, како и од физички лица, воглавно заради добивање на податоци за цени на склучени берзански трансакции и за пазарната вредност на хартии од вредност со кои се тргува на Берзата.

## 9.14. Судски и нотарски постапки

Врз основа на објави во Службен весник на Република Македонија за отворени стечајни постапки, во текот на 2020 година, Берзата поднесе пријава за своите побарувања кон еден од должниците за кој е отворена стечајна постапка, а по основ на надомест за членство и други надоместоци кои произлегуваат од членството.

Со цел присилна наплата на побарувањата што Берзата ги има спрема одредени должници по основ на долг за годишниот надомест за котација, беа поднесени предлози за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа до нотар, како и барања за спроведување на извршување врз основа на извршна исправа до извршител.

# 10. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 10.1. Одржани предавања и презентации

- Со цел да го поттикне тргувањето од далечина и користењето на дигиталните платформи преку продуктите кои ги нуди, Македонската берза на 08.05.2020 година одржа бесплатна online обука за користење на апликациите eTrader и mTrader. Учесниците на online обуката се информираа за тоа како функционираат апликациите eTrader и mTrader, за можностите кои им ги нудат на инвеститорите во хартии од вредност, за тоа кои се условите за нивно користење, како може да се тргува на берза и како се следи тргувањето и сопственото портфолио на хартии од вредност.

- На 21.05.2020 година беше одржана бесплатна online обука за СЕИНет и модул фундаментална анализа - Бестнет Аналитика. Учесниците на обуката имаа можност да дознаат за обврските на котираните компании за објава на квартални финансиски извештаи преку системот за електронско известување од котирани акционерски друштва – СЕИНет; роковите за објава на извештаите; мобилна апликација на системот за електронско известување од котирани друштва – СЕИНет. Понатаму се информираа за платформата Бестнет Аналитика и Модулот за анализа на финасиските извештаи, кој опфаќа податоци за котираните компании на Берзата, податоци за последните 4 години од годишните, полугодишни и квартални извештаи, финансиски показатели и следење на перформансите на повеќе компании и нивна компаративна анализа.

- Во насока на доближување на берзанското работење и воопшто начинот на функционирање на пазарите на хартии од вредност до што поширок круг на заинтересирани учесници, во рамките на соработката што Македонска берза ја остварува со образовните институции во земјата, на 04.06.2020 година, се одржа online предавање на студентите од Факултетот за туризам и организациски науки при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола. Студентите имаа можност да се запознаат со улогата и начинот на функционирање на Берзата, како и со улогата и значењето на останатите институции на пазарот на хартии од вредност.

## 10.2. Учество на деновите на финансиската писменост

Од 24-26.11.2020 година учество на Деновите на финансиската писменост кое оваа година заради пандемијата беше одбележано со бројни е-активности. Берзата се вклучи во

одбележувањето на Деновите на финансиска писменост преку нејзините едукативни алатки: квиз на пазарот на капитал и едукативни видеа. Деновите на финансиска писменост се организираат од финансиските регулаторни институции, како членки на Координациското тело за финансиска едукација и инклузија, а во соработка со приватниот финансиски сектор.

## 10.3. Училишна берза

По барање на СЕПУГС „Арсени Јовков", Берзата го поддржа проектот Училишна берза, кој се спроведува во соработка со ученици – доброволци од трета година економска и правна струка при ова средно училиште. Проектот се спроведува во две фази:

- I фаза - од 01.11.2020 до 31.12.2020 година започна со формирање на група на ученици кои учествуваа во проектот. Во рамките на оваа фаза преставници од Берзата одржаа 7 онлајн предавања. Согласно програмата беа одржани предавања за: Пазарот на капитал – поим, значење, и улога, Правната рамка на пазарот на хартии од вредност во Македонија, Институционална поставеност на пазарот на хартии од вредност во Македонија, Берзански електронски систем, Инструменти на пазарот на хв (акции и обврзници), Носење на инвестициони одлуки преку фундаментална анализа и Запознавање на платформата Виртуелна берза.
- II фаза – од 01.01.-30.06.2021 г. преку симулација на тргување со хартии од вредност преку посебната платформа на Македонска берза, Виртуелна берза. Виртуелната берза претставува игра на знаење преку која учесниците стекнуваат практично искуство од областа на тргувањето со хартии од вредност.

## 10.4. Присуство на обуки и настани на претставници од Берзата

Во текот на 2020 година претставници на Берзата зедоа учество на повеќе обуки и настани:

- Во месец јануари, претставници на Берзата присуствуваа на презентација во врска со можноста за евентуално креирање на ETF (Exchange traded fund) на индексот МБИ10 во организација на компанијата Concord Asset Management од Република Бугарија.

- На 01.02.2020 година, претставник на Берзата учествуваше на видео предавање: Вовед во дигитален маркетинг во организација на Brainster Скопје.

- На 10.03.2020 година, преставник на Берзата учествуваше на панел дисусијата "Предизвиците за Македонскиот пазар на хартии од вредност" во организација на Економски факултет Скопје.

- На 21.04.2020 година, преставници на Берзата присуствуваа на online семинарот "The Investor Base of Securities Markets in the EBRD Regions, во организација на Европската банка за обнова и развој;

- Во организација на AmCham Македонија на 22.04.2020 година се одржа online обука за подготвување на електронски фактури и истата беше посетена од претставник од Берзата;

- На 28.04.2020 година, преставници на Берзата присуствуваа на online семинарот за најновите настани во MiFID II, во организација на Адвокатското друштво " Цветкова, Бебов, Комаревски" од Софија, Бугарија;

- На 28.04.2020 година, преставник на Берзата присуствуваше на online презентација "How brands can find their meaningful roles in a world turned upside down", организирана од страна на AmCham, а во соработка со McCANN Скопје.

- На 29.04.2020 година, преставници на Берзата присуствуваа на шесттата online работилница поврзана со пристап до финансии, каде тема на работилницата беше crowdfunding или глобални шеми за колективно финансирање, во организација на Проектот на УСАИД за развој на деловниот екосистем.

- Во текот на мај и јуни од страна на европската федерација на берзи FESE беа организирани два вебинара посветени на влијанието на COVID-19 на пазарите на капитал и на европските економии, како и за пазарните структури и MIFID регулативата и истите беа проследени од претставник од Берзата.

- На 28-29.07.2020 година, преставници на Берзата присуствуваа на online работилница "Online Events Organizing E-training", во организација на Проектот за развој на деловниот екосистем на USAID,а во соработка со М6 Едукативен центар;

- На 04.09.2020 година, преставник на Берзата присуствуваше на online презентација "Introduction to Capital Markets", во организација на FESE Capital Markets Academy.

- На 10.11.2020 година, преставници на Берзата присуствуваа на онлајн обуката "Примена на општата регулатива за заштита на лични податоци на EU (GDPR) и новиот закон за заштита на личните податоци во пракса" во организација на PwC и Стопанска комора на Македонија;

- Присуство на настани организирани во рамките на „Глобалната недела на претприемништво„ која се одржа од 16-22.11.2020 година на глобално ниво, во организација на Асоцијацијата Стартап Македонија;

## 10.5. Виртуелна берза – едукативен портал на Македонската берза

Во септември Берзата ги прогласи тројцата најуспешни учесници во седмиот циклус од едукативната игра „Виртуелна берза" и им додели соодветни награди: годишна претплата на продуктот Бестнет за следење на тргувањето на Македонската берза во живо, посета на една од обуките во рамките на Тренинг центарот на Берзата, а беше поделен и Прирачник за тргување со хартии од вредност. Овој циклус започна во ноември 2019 година и траеше се до 31 август 2020 година со околу 200 учесници во него.
Во последниот квартал од 2020 година беа интензивирани активностите во врска со изработка на нова подобрена веб платформа за едукативниот портал на Берзата „Виртуелна берза" и новиот циклус на играта се планира да започне во првиот квартал од 2021 година.

# 11. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Инвеститорски ден на Берзата

На 18.09.2020 година, Берзата за прв пат го организираше „Инвеститорскиот ден" по повод одбележувањето на 25 години од нејзиното основачко собрание, а иницијативата ја прифатија ЦДХВ и осум членки на Берзата и ЦДХВ (Еурохаус, Инвестброкер, Комерцијална банка, НЛБ Банка, Стопанска банка Скопје, ТТК Банка, Фершпед брокер и Шпаркасе Банка Македонија), а истата доби поддршка и од Комисијата за хартии од вредност.



На „Инвеститорски ден" на Берзата се склучија вкупно 339 трансакции, додека вкупниот промет од тргување во БЕСТ системот надмина 1 милион евра. Воедно, во БЕСТ системот на Берзата беа внесени вкупно 620 налози за тргување, што е втор најголем број на внесени налози во текот на оваа година. Дополнително, податоците од Централниот депозитар на хартии од вредност покажаа голем пораст на бројот на новоотворени сметки за хартии од вредност по најавата за одржување на „Инвеститорскиот ден", односно за една седмица се отворени над 50 сметки во ЦДХВ (инвеститори кои никогаш претходно не тргувале на Берзата). За споредба, просечниот број на новоотворени сметки во ЦДХВ во еден квартал изнесува 73 сметки месечно.

Иницијативата „Инвеститорски ден", на кој домашните физички лица имаа можност да тргуваат со акции на сите пазарни сегменти без да ги платат провизиите кон Берзата, ЦДХВ и овластените пазарни учесници (банки и брокерски куќи), во износ на промет до 10.000 евра, се покажа како моќна алатка за промоција на инвестирањето во македонски акции поради што се планира овој настан да стане традиција на македонскиот пазар на хартии од вредност.

## 11.2. Тркалезна маса - „Берзите во 2020 година - Осврт на локалниот и глобалните пазари"




На 17.12.2020 година, преку платформата ZOOM, се одржа тркалезна маса на тема „Берзите во 2020 година - Осврт на локалниот и глобалните пазари„ во организација на Берзата.
Настанот со воведно обраќање го отвори Министерот за финансии на Република Северна Македонија, г-дин Фатмир Бесими. Главниот извршен директор на Берзата, г-дин Иван Штериев, беше модератор на дебатата на која своите мислења ги споделија Емилија Брљамова, Раководител на Службата за услуги со хартии од вредност, НЛБ Банка Скопје, Сашо Арсов, Редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Петар Андреевски, Главен извршен директор, ВФП АД Скопје, Matko Maravic, CEO, InterCapital Securities Ltd, Croatia и Luka Flere, Head of Asset Management, Generali Investments LLC, Slovenia. Дебатата ја проследија повеќе од 150 присутни учесници.
Во рамките на настанот беа доделени наградите за најтранспрентно котирано акционерско друштво и награди за остварувањата на овластените учесници на македонскиот пазар на хартии од вредност во 2019 година.

## 11.4. Активности во врска со crowdfunding платформата Funderbem




На 26 и 27.02 се одржа конференцијата Pitch.Match.Grow., организирана од PwC Северна Македонија, со поддршка на Македонска берза. Берзата беше активно вклучена во агендата на вториот конференциски ден преку содржините за презентирање на crowdfunding платформата Funderbeam.
Во текот на 2020 година и покрај големото влијание што вирусот COVID-19 го има врз овој проект на Берзата, продолжи промоцијата и на концептот на колективно финансирање генерално и на спецификите на Funderbeam платформата посебно. Може да констатираме дека очекувањата на претприемачите не секогаш се објективни и рационални како во поглед на брзината и едноставноста на постапката, така и околу вреднувањето на нивниот

моментален и иден бизнис потенцијал. Покрај ова, релативно лесната достапност на грантови и субвенции за стартапите дополнително ги одложува одлуките на претприемачите да се одлучат на вакво пазарно финансирање и сето она што произлегува од таква одлука.
И покрај погоре опишаната ситуација, една компанија доби одобрување од Funderbeam да започне со конкретна кампања за финансирање преку платформата, но таа сеуште работи на уредување на односите помеѓу сегашниот сопственик и идниот водечки инвеститор.

Берзата во текот на месец јули организираше две промотивни online презентации и тоа прввиот настан во рамките на овие активности беше презентацијата на директорот на Funderbeam SEE, додека вториот настан беше со еден од водечкиите инвеститори на Funderbeam во Хрватска, Анте Магзан, кој го изнесе своето искуство како инвеститор преку оваа платформа.

Берзата во текот на месец ноември во рамките на „Глобалната недела на претприемништво„ организираше онлајн презентација на платформата Funderbeam. Исто така, преку воспоставената соработка помеѓу Македонска берза и Асоцијацијата за е-трговија, на 14.12 се одржа онлајн настан, на кој членовите на Асоцијацијата за е-трговија се информираа за платформата Funderbream како извор на финансирање за нивните постојни и идни проекти и бизнис иницијативи.

Воедно, во текот на годината беа одржани повеќе средби со компании заинтересирани за алтернативно финасисирање на своите развојни проекти преку оваа платформа за колективно инвестирање.

## 11.5. Промоција на продуктите на Берзата

Со цел континуирано присуство во јавноста, подобро запознавање за тоа што се случува на Берзата, во текот на 2020 година беше:

- Објавен годишниот статистички билтен од тргувањето со хартии од вредност;
- Објавени месечни статистички билтени од тргувањето со хартии од вредност;
- Објавено детално соопштение со вклучени статистички податоци за берзанските движења за првите шест и првите девет месеци од 2020 година;
- Dasboard за клучните месечни показатели;
- Dashboard со сумарен приказ на клучните моменти во 2020 година;
- Промовиран “Квиз за пазарот на хартии од вредност” ;
- Промовирано ново едукативно видео за промоција на концептот crowdfunding генерално и посебна презентација на придобивките од equity crowdfunding платформата Funderbeam.
- Промоција за бесплатно користење на продуктот eTrader. Продуктот eTrader е достапен на инвеститорите преку членките на Берзата (банките и брокерските куќи) и овозможува далечински пристап за тргување со хартии од вредност на Берзата. Согласно Одлука на Одборот на директори, Берзата ја продолжи промоција за бесплатно користење на продуктот eTrader заклучно со 31.12.2020 година;
- Објавена публикацијата „Факти за котираните компании“ која содржи податоци за најликвидните 20 котирани компании на Официјалниот пазар како и збирен преглед за останатите котирани компании со кои се тргувало заклучно со 31.12.2019 година.
- Креиран е сумарен преглед на веб страната на Берзата со цел посеопфатно и подетално информирање на инвеститорите и на пошироката јавност околу бројот и карактеристиките на котираните континуирани државни обврзници.
- Кампањи за промоција на mTrader и eTrader преку активно менаџирање на ФБ и Linkedin страна;
- Неделни кампањи преку официјалната ФБ и Linkedin страна за промоција на котираните акционерски друштва;




## 11.6. Продукција на кратки видео пораки

Берзата продуцираше 14 видео пораки во рамките на серијалот кратки новогодишни пораки на учесниците на македонскиот пазар на хартии од вредност. Во рамките на серијалот беа продуцирани видео пораките од преставниците на брокерски друштва, друштвата за управување со инвестициски фондови, Централниот депозитар со хартии од вредност и Македонска берза. Видео пораките беа објавени преку официјалнот профил на Берзата на социјалните мрежи.

## 11.7. Соработка со медиуми

- Во врска со настаните и информациите поврзани со вирусот COVID-19, Берзата за сите преземени мерки и активности благовремено ја известуваше јавноста преку нејзината официјална интернет страна.

- Главниот извршен директор во текот на годината во повеќе наврати даваше изјави и имаше интевјуа за медиуми како: економскиот портал Фактор и Канал 77. Воедно, Директорот на Берзата имаше своја колумна за блогот на берзата во Загреб „Burzin brief" и видео интервју за Федерацијата на Евроазиски берзи (FEAS), во рамки на нивниот серијал „FEAS Talks".
  Исто така, Берзата редовно даваше одговори на новинарски барања за обезбедување на статистички податоци со цел анализа на тргувањето на Берзата.

- Остварените резултати на котираните друштва за првиот, вториот и третиот квартал од 2020 година, беа презентирани преку прегледот на финансиските податоци за котираните друштва објавен на официјалната интернет страна на Берзата.

## 11.8. Комуникациска платфрома МБ монитор

Во текот на годината на комуникациска платформа на Македонска берза МБ Монитор беа објавени неколку прилози од настани и активности во организација на Берзата.




## 11.9. Соработка со други институции

Со цел продлабочување на соработката и планирање на заеднички активности за меѓусебна промоција, кон крајот на годината беше потпишан Меморандум за соработка со Агенцијата за супервизија на осигурување. Со Меморандумот се утврди рамката во која се реализира соработката за работи од заеднички интерес во областа на осигурителниот сектор и пазарот на хартии од вредност. Оттука, на 01.12.2020 година се одржа виртуелна работилница на тема „Македонскиот пазар на хартии од вредност и анализа на вложувањата и средствата со кои управуваат друштвата за осигурување на пазарот на хартии од вредност„ .

## 12. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

- Со оглед на состојбите поврзани со COVID-19, меѓународните активности на Берзата во 2020 година беа лимитирани и беа фокусирани на функционирање на СЕЕ Линк и проектите со ЕБОР (research coverage на котирани компании, dormant accounts, Кодекс за корпоративно управување, ESG известување). По повод официјалното започнување на новиот регионален проект за изготвување на инвестициски анализи на котирани компании во регионот на ЈИЕ, поддржан од ЕБОР, беше одржана видео конференција на која зеде учество и Македонска берза.

- На иницијатива на Bank of China се потпиша Меморандум за соработка со цел заедничко креирање на идни проекти во интерес на двете страни. Bank of China веќе има потпишано вакви меморандуми со неколку други регионални берзи.

- Во месец јуни и октомври во организација на Регионалниот совет за соработка (RCC) online се одржа петтиот и шестиот состанок на работната група за финансиски пазари во рамките на групата WB6 (6-те земји од Западен Балкан).

- На 11.11.2020 година виртуелно се одржа инвестициската конференција „Prime Plus" на која покрај котираните компании од Загребската берза, зедоа учество и две компании котирани на Македонската берза: Алкалоид АД Скопје и Комерцијална банка АД Скопје. Настанот во организација на Загребската берза беше со цел поврзување и воспоставување директен контакт помеѓу компаниите и инвеститорите.

- Во текот на годината Берзата имаше комуникацијата со Федерацијата на евроазиски берзи – ФЕАС, со цел разгледување на можното реактивирање на членството на Берзата во оваа федерација, со оглед на тоа дека моменталниот статусот на нашата берза е во мирување.

- Главниот извршен директор, на нивно барање, оствари средби со економските аташеа на амбасадите во Скопје на Република Турција и Република Украина.

## 13. ПОДАТОЦИ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПРИМАЊАТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА БЕРЗАТА

Податоците во врска со вработувањата и членувањето на членови на Одборот на директори на Берзата во органи на управување на трговски друштва се прикажани во следнава табела:

| Име и презиме | Работодавец / Дејност | Членство во органи на управување на трговски друштва |
|---|---|---|
| Михајло Брова Зиков | Комерцијална банка АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Петар Трпески | Шпаркасе банка Македонија АД Скопје<br>Дејност: Банкарство | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |
| Билјана Ристова | Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје<br>Дејност: други финансиски дејности | Македонска берза АД Скопје - неизвршен член на Одбор на директори |

| | | |
|---|---|---|
| Иван Мишев | Адвокатско друштво Папазовски Мишев | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Тони Стојановски | Стопанска банка АД Скопје Дејност: Банкарство | Стопанска банка АД Скопје, член на Управен Одбор<br>Македонска Берза АД Скопје-неизвршен член на Одбор на директори |
| Горан Анастасовски | КИБС АД Скопје Дејност: Платни системи | Македонска берза АД Скопје - неизвршен независен член на Одбор на директори |
| Иван Штериев | Македонска берза АД Скопје Дејност: Управување со финансиски пазари | Македонска берза АД Скопје - Главен извршен директор |

Годишните нето примања за 2020 година на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата кај соодветниот работодавец и по основ на бонуси, осигурувања и други реализирани права кај соодветниот работодавец се следните редоследно според табелата погоре: 1.970.957 денари, 2.897.948 денари, 702.094 денари и 1.310.980 денари.

Неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата немаат остварено надоместоци од членувањето во органите на управување на другите трговски друштва од табелата погоре, освен г-динот Тони Стојановски, чии надоместоци по овој основ, како и надоместоците по основ на плата на годишно ниво и надоместоци од плата како и бонуси, осигурувања и други реализирани права кај работодавецот се соодветно прикажани во годишниот извештај на Стопанска банка АД Скопје.

Податоците за надоместоците и примањата на неизвршните членовите на Одборот на директори се базираат на податоците што секој член на Одборот на директори лично ги достави до Берзата.

Согласно Одлуката бр.02-697/1 од 30.05.2018 година, Берзата исплатува месечен надоместок за учество во работата на Одборот на директори на неизвршните членови во нето износ од 15.000 денари, по член. Освен месечниот надомест, за неизвршните членови на Одборот на директори за 2020 година беше пресметан и годишен надомест согласно претходно донесена одлука од Собранието на акционери. Износот на надоместоците на неизвршните членови на Одборот на директори на Берзата во 2020 година е прикажан во глава 14 од овој Извештај.

Главниот извршен директор не членува во органи на управување на други трговски друштва, а податоците за остварените примања од Берзата за 2020 година се прикажани во глава 14 од овој Извештај.

## 14. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА

Во 2020 година Македонската берза АД Скопје оствари **вкупни приходи** во износ од **51.633.498 денари** и истите се речиси на идентично ниво во споредба со приходите остварени во 2019 година (за 0,8% пониски).

**Приходите остварени од камата** изнесуваат **1.838.498 денари** и бележат зголемување од 25,4% во однос на минатата година. Со состојба на 31.12.2020 година износот на пласираните парични средства на Берзата изнесува 102,2 милиони денари, при што покрај во орочени банкарски депозити, дел од средствата се пласирани во долгорочни државни хартии од вредност и во два отворени парични инвестициски фондови. Берзата има денарски депозити орочени на 12, 24 и 36 месеци во следните банки: Охридска банка АД Скопје (10 милиони денари), Стопанска банка АД Скопје (10 милиони денари), Халкбанк АД Скопје (10 милиони денари), УНИ Банка АД Скопје (10

милиони денари), Шпаркасе банка Македонија АД Скопје (10 милиони денари) и Комерцијална банка АД Скопје (5 милиони денари), со каматни стапки што се движат од 0,5% до 2,7%. Берзата поседува долгорочни државни хартии од вредност во номинална вредност од 25 милиони денари. Воедно, Берзата има вложено 12,8 милиони денари во паричниот фонд КБ Публикум Инвест (поседува 119.605,6104 удели) и 9,4 милиони денари во паричниот фонд на Генерали Инвестментс АД Скопје Генерали Кеш депозит (поседува 79.444,8116 удели). Како резултат на усогласување на објективната вредноста на уделите со состојба 31.12.2020 година остварени се приходи во износ од 431.229 денари. Збирно од вложувања во финансиски инструменти е остварен приход од 2.269.797 денари, наспроти ланските 2.122.876 денари, што е зголемување за 6,9%. Финансиските приходи во вкупните приходи учествуваат со 4,4%.

**Приходите по основ на провизии и надоместоци** изнесуваат **41.005.137 денари** и се за 7,8% повисоки во однос на остварените во 2019 година. Подолу, подетално се презентирани сите видови приходи во оваа категорија и тоа:

- Остварени се приходи по основ на **надоместоци за членство** во вкупен износ од **2.805.802 денари** и истите се состојат од членарини, надоместоци за користење на БЕСТ системот, надоместоци за испит за брокери, надоместоци за користење на Берза-Нет и надоместоци за користење на станици за набљудување. Приходите од членство учествуваат со 5,4% во вкупните приходи.

- Од **надомест за тргување** во 2020 година се приходувани **29.344.335 денари** што претставува 56,8% од вкупните приходи во 2020 година. Овие приходи во 2020 година се за 8,4% повисоки во однос на остварените во 2019 година, што се должи на зголемен промет со акции во споредба со 2019 година. Кај приходот по основ на надомест за тргување со акции по основ на склучени трансакции во БЕСТ системот е забележано зголемување од 46,8% (од 15.501.288 денари во 2019 година на 22.750.528 денари во 2020 година). Остварениот приход од берзанска провизија кај блок трансакциите бележи намалување од 34,4% (од 9.294.102 денари во 2019 година на 6.097.462 денари во 2020 година). Приходите од берзанска провизија од тргување со обврзниците бележат намалување од 81,9% (од 1.755.198 денари во 2019 година на 317.904 денари во 2020), додека приходот од тргувањето по пат на јавни берзански аукции бележи намалување од 88,3% (во 2019 изнесува 93.719денари, а во 2020 година 10.958 денари). Оставарен е и приход од реализација на јавна понуда на хартии од вредност во висина од 166.283 денари наспроти ланските 430.712 денари.

- Остварени се приходи по основ на **надомест за котација** во износ од **8.870.000 денари** или 17,2% од вкупните приходи и на годишно ниво бележат зголемување од 9%. Годишен надомест за котација е фактуриран на вкупно 100 акционерски друштва што во текот на 2020 година котираа на Официјалниот пазар на подсегментите Супер котација, Берзанска котација и Задолжителна котација, наспроти ланските 102 котирани друштва. Во 2020 година е остварен надомест од 1,2 милиони денари за котација на државните хартии од вредност, согласно важечкиот Договор за котација на државните обврзници помеѓу Берзата и Министерството за финансии. Исто така, остварени се и приходи од 170.000 денари од котацијата на четири корпоративни должнички хартии од вредност.

- Во 2020 година Берзата оствари **останати приходи од дејност** во износ од **8.343.395 денари** и истите се за 25,9% пониски во споредба со оние во 2019 година. Поради пандемијата предизвикана од вирусот COVID-19 не се одржа традиционалната годишна берзанска конференција, поради што оваа година не беа остварени приходи по основ на спонзорства и котизации за учество на конференцијата (минатата година по овој основ беа остварени 1,18 милиони денари). Исто така, во извештајниот период се приходувани 277.830 денари на име грант согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу CEED Macedonia и Македонска берза (за промовирање и спроведување на кампањи преку Funderbeam платформата – поддршка од Проектот на УСАИД Македонија за развој на деловниот

екосистем), наспроти ланските 818.942 денари. Воедно, во тековната година нема позитивен импакт од работењето на СЕЕ Линк во кое Берзата има заедничко вложување со други две регионални берзи.

Во останати приходи од дејност спаѓаат и приходите од дистрибуција на берзански податоци, приход од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење, приходи остварени по основ на издавање на деловен простор, закуп на медиумски простор на веб страницата на Берзата, приходи по основ на користење на веб страна на Берзата за објави на податоци од друштва согласно закон, приходи по основ на сомнителни и спорни побарувања и други приходи. Најголемо учество во останатите приходи од дејност имаат приходите од дистрибуција на берзански податоци во износ од 3.317.045 денари и приходи од превентивно одржување на софтверскиот систем за брокерско работење во висина од 2.273.088 денари. Следат приходи по основ на издавање на деловен простор во износ од 1.031.984 денари, приходи од 1.093.000 денари по основ на користење на веб страницата на Берзата за објави согласно закон, приходи од закуп на медиумски простор во износ од 209.489 денари, приходи од наплата на сомнителни и спорни побарувања во висина од 64.858 денари и други приходи во висина од околу 76.101денари.

- **Нето добивка од курсни разлики** во износ од 169 денари.




Во 2020 година се остварени **вкупни расходи** во висина од **36.502.851 денари** и се за 1% пониски во однос на минатогодишните 36.887.526 денари, а за 3.3% помали во однос на проектираните во планот (37.735.000 денари). Намалувањето на трошоците е примарно резултат на помалку остварени останати расходи од дејност (материјални и слични трошоци, трошоци за службени патувања, трошоци за репрезентација и други) што се должи на начинот на кој функционираше Берзата во услови на пандемија поради корона вирусот.

Во 2020 година за **провизии и надоместоци** направени се расходи во износ од **8.260.068 денари**, што претставува 22,6% од вкупните трошоци. Овие трошоци се направени за плаќање на банкарски провизиии (во висина од 80.720 денари) и, пред се', за надоместот за надзор што Берзата го плаќа на КХВ во висина од 8.179.348 денари.

**Трошоци за вработени** во 2020 година изнесуваат **16.100.961 денари** и се состојат од бруто плати, останати користи и награди за сите вработени. Истите изнесуваат 44,1% од вкупните расходи и се повисоки во однос на минатогодишните за 3%. Износот на бруто платата на извршниот член на Одборот на директори и исплатената годишната награда изнесуваат 4.195.184 денари.

**Амортизацијата** на средствата е пресметана во износ од **2.920.580 денари**, што претставува 8% од вкупните расходи и е за 1,2% пониска во однос на минатогодишната пресметана амортизација. Оваа

ставка се однесува на амортизација на нематеријални средства, деловниот простор и опремата. Амортизацијата на основните средства е пресметана со праволиниска метода, согласно усвоените сметководствени политики на Берзата.

Во 2020 година **исправката на вредност на побарувањата** изнесува **861.332 денари** наспроти ланските 490.062 денари. Ова зголемување се должи на ставањето под исправка на 50% од побарувањето што Берзата го има од Еуростандард банка АД Скопје - во стечај по основ на надомест за тргување, членство и орочен депозит (по овој основ е пресметана и книжена исправка од 516.605 денари). Согласно Сметководствените политики на Берзата за други побарувања што Берзата ги има по основ на неплатен надомест за котација пресметана е исправка на вредност на побарувања во износ од 337.500, додека за побарувања по друг основ е направена исправка на вредност во висина од 7.228 денари.

**Останатите расходи од дејност** изнесуваат **7.852.552 денари** и се за 20,6% пониски во однос на остварените 9.888.310 денари во 2019 година, а помали од планските за 16,3%. Истите во вкупните расходи учествуваат со 21,5%, а се однесуваат на следните ставки:

- **Материјалните и слични трошоци** изнесуваат 976.084 денари или 2,7% од вкупните расходи, односно се намалени за 32% во однос на претходната година (трошоци за електрична енергија, парно греење, весници, стручна литература, хигиена, канцелариски материјал и слично).

- **Трошоците за услуги** изнесуваат 4.051.441 денари, бележат учество од 11,1% во вкупните расходи и истите се за 11,4% пониски во споредба со трошоците за услуги остварени минатата година. Најголемо учество во рамките на трошоците за услуги во износ од 1.825.346 денари имаат трошоците за услуги за тековно и инвестиционо одржување на средствата за работа. Во 2020 година се направени трошоци за телефонски и комуникациски услуги и интернет во износ од 518.084 денари, за консултантски услуги 420.717 денари, за ревизија на финансиските извештаи 276.804 денари. Во категоријата трошоци за услуги спаѓаат и трошоци за поштарина, за обезбедување и слично.

- За месечен **надомест за неизвршните членови** на Одборот на директори како и по основ на годишен надомест, согласно важечки одлуки на Собрание на акционери, е пресметан и исплатен вкупен износ од 1.978.961 денари. Истите изнесуваат 5,4% од вкупните расходи.

- За **службени патувања** во текот на годината се направени трошоци во износ од 2.952 денари.

- **Трошоците за репрезентација, реклама и пропаганда** изнесуваат 385.302 денари наспроти ланските 901.244 денари. Ова намалување од 57,2% примарно се должи на неодржувањето на планираната берзанска конференција. Овие трошоци претставуваат 1% од вкупните расходи.

- **Трошоци за осигурување** се направени во висина од 327.444 денари и имаат 0,9% учество во вкупните трошоци. Се однесуваат на осигурување на деловниот простор, опремата, мебелот и осигурување на вработени, менаџерско осигурување и трошоци за доброволна пензиска шема за одреден број клучни вработени што согласно одлука на Одборот на директори започна кон крајот на годината.

- По основ на **Други трошоци**, направени се трошоци во износ од 130.368 денари и истите учествуваат со 0,36% во вкупните расходи. Во рамките на Други трошоци спаѓаат данок на имот, членарина за Американска Стопанска комора, членарини за бизнис кредитни картички, трошоци за судски и административни такси и слично. Овие трошоци се пониски за 79,4% во однос на минатата година кога Берзата плати членарина за учество во СЕЕ Линк платформата во износ од 501.841 денари.

- **Уделот во загубата на заедничкото вложување** на Берзата во СЕЕ Линк ДОО Скопје изнесува 7.358 денари (33,33% од вкупната загуба на друштвото).

- **Донација** од 500.000 денари е направена во месец мај оваа година, со цел поддршка на Министерството за здравство за справување со вирусот COVID-19.

Како резултат на повеќе остварени приходи од расходи, Берзата по Годишната сметка за 2020 година оствари **Добивка пред оданочување** во износ од **15.130.647 денари**. Пресметан е **Данок на добивка** во износ од **1.751.972 денари** и **Добивката за деловната 2020 година** изнесува **13.378.675 денари**.

* * *

**Вкупната актива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2020 година изнесува **172.147.789 денари.** Во структурата на активата најликвидните средства (парични средства, орочени депозити во банки со рок на разорочување од три дена, вложување во удели во парични инвестициски фондови) учествуваат со 48,1% што придонесува за финансиска стабилност на Берзата. Берзата има вложено и 25,3 милиони денари во долгорочни државни обврзници. Влогот на Македонската берза во заедничкото друштво СЕЕ Линк ДОО Скопје (основано заедно со берзите од Загреб и Софија во 2016 година) е во износ од 941.420 денари. Овој износ претставува 1/3 од основната главнина на ова друштво. Учеството на основните средства - материјални и нематеријални (54.000.784 денари) изнесува 31,4% од вкупната актива, а побарувањата и одложените приходи изнесуваат 9.092.372 денари или 5,3% од вкупната актива. Од вкупните ненаплатени побарувања со состојба на 31.12.2020 година, најголемиот дел се однесува на побарувањата за надоместоците за тргување и членство од членките на Берзата за месец декември 2020 година што доспеваат за плаќање во јануари 2021 година (2.068.641 денари) и побарувањата за надомест за котација (3.206.249 денари).

**Вкупната пасива** на Македонската берза АД Скопје на 31.12.2020 година изнесува **172.147.789 денари.** Вкупните обврски на 31.12.2020 година изнесуваат 4.413.395 денари. Од тоа обврските кон добавувачи изнесуваат 1.304.608 денари, а разграничените приходи во идни периоди изнесуваат 33.833 денари.

Капиталот и резервите на Македонска берза АД Скопје на 31.12.2020 година изнесуваат 167.734.395 денари. Од тоа запишаниот капитал изнесува 103.497.760 денари, резервите 35.647.941 денари, добивката за финансиската година во износ од 13.378.675 денари и задржаната добивка во износ од 15.210.019 денари.

**Одбор на директори** **Скопје, Март 2021 година**

**П р е т с е д а т е л**

**Тони Стојановски**

Македонска берза на хартии од вредност * АД СКОПЈЕ

**П Р И Л О Г**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## на ден 31.12.2020 година

### АКТИВА

во денари

| Назив | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|
| **1. Парични средства и парични еквиваленти** | **1.337.967** | **2.088.311** | **156** |
| **2. Кредити на и побарувања од банки** | **41.000.100** | **55.500.050** | **135** |
| Депозити | 41.000.100 | 55.500.050 | 135 |
| **3. Должнички хартии од вредност** | **25.278.750** | **25.257.152** | 100 |
| **4. Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех определени како такви при почетното признавање** | **33.136.401** | **25.267.700** | 76 |
| **5. Заеднички вложувања** | **948.778** | **941.420** | **99** |
| **6. Нематеријални средства** | **808.672** | **629.063** | **78** |
| **7. Материјални средства** | **55.404.028** | **53.371.721** | **96** |
| **8. Останати средства/побарувања** | **7.971.803** | **7.663.370** | **96** |
| Останати побарувања | 7.971.803 | 7.663.370 | 96 |
| **9. Одложени приходи и однапред платени трошоци** | **1.293.354** | **1.429.002** | **110** |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **167.179.853** | **172.147.789** | **103** |

### ПАСИВА

во денари

| Назив | 2019 | 2020 | Индекс 2020/2019 |
|---|---|---|---|
| **1. Обврски** | **4.448.134** | **4.413.395** | **99** |
| Останати обврски | 4.257.678 | 4.379.562 | 103 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 190.456 | 33.833 | 18 |
| **2. Капитал и резерви** | **162.731.719** | **167.734.395** | **103** |
| Запишан капитал | 103.497.760 | 103.497.760 | 100 |
| Резерви | 35.647.941 | 35.647.941 | 100 |
| Добивка за финансиска година | 13.544.448 | 13.378.675 | 99 |
| Задржана добивка | 10.041.570 | 15.210.019 | 151 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **167.179.853** | **172.147.789** | **103** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**за периодот 01.01.-31.12.2020 година**

во денари

| Приходи | 01.01.-31.12.2019 | 01.01.-31.12.2020 | Индекс 2020/2019 | План 2020 | Индекс 2020/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од камати** | **1.466.202** | **1.838.498** | **125** | **1.800.000** | **102** |
| **2. Приходи од усогласување до објективна вредност на удели** | **656.674** | **431.299** | **66** | **230.000** | **188** |
| **3. Приходи од провизии и надоместоци** | **38.040.054** | **41.020.137** | **108** | **45.638.000** | **90** |
| Надомест за членство | 2.814.365 | 2.805.802 | 100 | 2.598.000 | 108 |
| Надомест од тргување | 27.084.131 | 29.344.335 | 108 | 34.555.000 | 85 |
| Приходи од котација | 8.141.558 | 8.870.000 | 109 | 8.485.000 | 105 |
| **4. Останати приходи од дејност** | **11.264.970** | **8.343.395** | **74** | **8.000.000** | **104** |
| **5. Удел во добивката на заеднич.вложување** | **625.113** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **6. Нето добивка од курсни разлики** | | **169** | **-** | **-** | **-** |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **52.053.013** | **51.633.498** | **99** | **55.668.000** | **93** |

| Расходи | 01.01.-31.12.2019 | 01.01.-31.12.2020 | Индекс 2020/2019 | План 2020 | Индекс 2020/План |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Расходи за провизии и надоместоци** | **7.919.372** | **8.260.068** | **104** | **9.100.000** | **91** |
| Провизии од банки | 122.428 | 80.720 | 66 | 100.000 | 81 |
| Берзанска провизија за КХВ | 7.796.944 | 8.179.348 | 105 | 9.000.000 | 91 |
| **2. Трошоци за вработени и останати користи за вработени** | **15.632.543** | **16.100.961** | **103** | **15.000.000** | **107** |
| **3. Амортизација** | **2.955.565** | **2.920.580** | **99** | **3.255.000** | **90** |
| **4. Исправка на вредност на побарувања** | **490.062** | **861.332** | **176** | **1.000.000** | **86** |
| **5. Останати расходи од дејност** | **9.888.310** | **7.852.552** | **79** | **9.380.000** | **84** |
| Материјални и слични трошоци | 1.437.261 | 976.084 | 68 | 1.310.000 | 75 |
| Трошоци за услуги | 4.574.204 | 4.051.441 | 89 | 5.100.000 | 79 |
| Одбор на директори | 1.953.049 | 1.978.961 | 101 | 1.320.000 | 150 |
| Трошоци за службени патувања | 305.142 | 2.952 | 1 | 150.000 | 2 |
| Трошоци за репрез., реклама и пропаганда | 901.244 | 385.302 | 43 | 700.000 | 55 |
| Осигурување | 83.464 | 327.444 | 392 | 660.000 | 50 |
| Други трошоци | 633.946 | 130.368 | 21 | 140.000 | 93 |
| **6. Удел во загубата на заеднич. вложување** | **0** | **7.358** | **-** | **-** | **-** |
| **7. Донации** | **0** | **500.000** | **-** | **-** | **-** |
| **8. Нето загуба од курсни разлики** | **1.674** | **0** | **-** | **-** | **-** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **36.887.526** | **36.502.851** | **99** | **37.735.000** | **97** |
| **Добивка пред оданочување** | **15.165.487** | **15.130.647** | **100** | **17.933.000** | **84** |
| **Данок на добивка** | **1.621.039** | **1.751.972** | **108** | | **-** |
| **Добивка за финаниската година** | **13.544.448** | **13.378.675** | **99** | | **-** |